СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четвртото продолжение на Педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 5 јануари 1993 година

Скопје, јануари 1993 година

СОДРЖИНА НА ДИСКУТАН ТИ ОД IV-ТО ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 53-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 5 ЈАНУАРИ 1993 ГОДИНА


1. АЛИУ ХАМИД - 14
2. АБДИ ФАИК - 17, 70
3. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 20, 41
4. АРСОВСКИ БРАНКО - 23
5. АНАСАТСОВСКИ МИТКО - 36, 89
6. АНЧЕВСКИ ДИМИТАР - 41
7. ДИМОВ ТОДОР - 2, 46
8. ЃОРЃИЕВ ПЕТАР - 6, 82
9. ЖУТА БЕЌИР - 60
10. ЗАФИРОВ ЈОРДАН - 28
11. ИВАНОВ ИВАН - 10, 54
12. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН - 71
13. ЈОВАНОВ РИСТО - 50
14. КОВАЧЕВСКИ СТОЈАН - 34
15. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ - 53
16. МАРКОВСКА ЃУЛИСТАНА - 29
17. МИЛЕНКОВСКИ МАРИН - 33
18. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 48, 51, 86
19. ПОЛОЖАНИ МЕРСИ - 38
20. ПЕТРОВ ТОДОР - 14, 39, 44, 53
21. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 47
22. ПОПОВСКИ КИРО - 48, 67
23. ПОПОВСКИ ЉУБОМИР - 49
24. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 64, 66
25. СТОЈАНОВСКИ НИКОЛА - 29
26. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 31, 66, 81, 83
27. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 51, 90
28. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 56, 59 ,88
29. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 62, 77
30. ХАЛИЛИ МУХАМЕД - 89
31. ХАЈРЕДИНИ ЏЕВДЕТ - 45, 47, 49, 54
32. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ - 58, 59


ПРОДОЛЖУВА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од 4-тото продолжение на 53-тата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 5 јануари 1993 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија со почеток во 11,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Тито Петковски, потпретседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците Александар Гештаковски, Благоја Чкатровски, Славјанка Стојанова и Петар Гошев го најавија своето отсуство од денешнава седница.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на **5-тата точка** од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за данок од добивка на корпорации.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за стопанство, Законодавно - правната комисија и Комисијата за економска политика и развој ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

I/2 сј/вц

1. Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон од добивка на корпорации.

2. Собранието ја задолжува Владата да изготви и на Собранието да му достави Нацрт на закон при што да ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела да се достави до владата на Република Македонија и Министерството за финансии.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Благодарам.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок?

Минуваме на **точка 6** - Предлог за донесување на закон за даноците на имот. Предлогот за донесување на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за стопанство и Законодавно - правната комисија Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Тодор Димов.

**ТОДОР ДИМОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници,

Со оглед на тоа што е прва фаза на предлогот за донесување на закон за данок на имот, јас еднаш ви кажав дека сум за донесување на овој закон, меѓутоа имам одредени забелешки на содржината на законот и тоа

во член 4 каде што се зборува за основицата за оданочување. Во член 4 се регулира дека основицата на данокот на имот претставува пазарна вредност на недвижниот и движниот имот. Под пазарна вредност на имот се подразбира вредност која недвижниот и движниот имот ја имаат на ден 31 декември во годината која претходи на годината за која се утврдува данок. Пазарната вредност ја утврдува надлежниот орган за јавни приходи врз основа на градежната вредност на имотот, амортизација, трошоци на уредување на градежното земјиште, местоположба и други елементи на движности.

Ова решение што се предвидува во член 4 за мене е нелогично односно ќе бара големо администрирање како од страна на органите за приходи, бидејќи за секој објект потребно е да се утврди неговата градежна вредност, а исто така, треба да се води посебна евиденција заради утврдување на амортизацијата, колку години е стар објектот, трошоците за градежното уредување, место- положбата и другите елементи. Инаку, ако ги погледаме сите овие елементи со кои што се предвидува да се утврди пазарната вредност се скоро исто со уредбата што ја донесе Владата за продажба на општествените станови, со што мислам ќе се направи голема неправда во поглед на становите кои што ќе бидат во градовите и во населените места, бидејќи сите знаеме, а јас дадов едно укажување во поглед на оваа уредба,се доаѓа до тоа да станбените објекти во малите населени места бидејќи местоположбата на сите им е во центарот ќе бидат многу поскапи во однос на станбените објекти во градот конкретно во Скопје кој според член 6 од таа уредба а скоро истите елементи овде и член 4 ги предвидува. Затоа за мене е поприфатлив досегашниот начин на плаќање на данокот на имот кој што е според квадратурата на станот. Мислам дека ова решение е нелогично и затоа барам предлагачот во наредните фази, во

нацртот односно во предлогот на закон да ги преиспита.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за даноците на имот.

2. Собранието ја задолжува Владата да изготви и на Собранието да му достави Нацрт на закон при што да ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието и расправата на оваа седница.

3. Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за финансии.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака? (пратениците креваат рака).

За, гласаа 71 пратеник.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **точка 7**- Предлог за донесување на закон за девизно работење.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на Комисијата за стопанство, Комисијата за економска политика и развој, Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно - правната комисија Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за девизното работење.

2. Собранието ја задолжува Владата да изготви и на Собранието да му достави Предлог на закон при што да ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за финансии.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (пратениците креваат рака).

За, гласаа 73 пратеници.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **<u>точка 8</u>** - Предлог за донесување на закон за кредитните односи со странство.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на Комисијата за стопанство, Комисијата за економска политика и развој и Комисијата за финансирање и буџет како и Законодавно- правната комисија Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за кредитните односи со странство.

2. Собранието ја задолжува Владата да изготви и на Собранието да му достави Предлог на закон при што да ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за финансии.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

За гласаа 74 пратеници.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **точка 9** - Предлог за донесување на закон за финансиското работење.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно - правната комисија Комисијата за економска политика и развој и Комисијата за стопанство ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Петар Горѓиев.

**ПЕТАР ГОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, сметам дека ова е прва фаза и неспорна е потребата од донесувањето на законот, со тоа што би требало да се интензивираат во рамките на Владата посебно во

Министерството за финансии за изготвување на нацрт-закон за финансиско работење и сите, а посебно излегов на говорницата да укажам на потребата за прилагодување на овој закон со промените кои што веќе настануваат а посебно во делот на промените што ќе настанат со законот за трансформација на општествените претпријатија односно на претпријатијата со општествен капитал.

Во член 19 недоволно јасно се уредуваат односите посебно во делот кога претпријатијата постануваат инсолвентни и понатаму на еден несоодветен начин се предлага да се санираат состојбите во стопанските субјекти кои што сметам дека во наредниот период нема да ги разликуваме по видот на сопственоста бидејќи тие ќе бидат посебно потенциран приватни, во приватна сопственост, претпријатија во приватна сопственост, па оттука и една поголема заштита на доверителите кои што стапуваат во меѓусебни деловни односи. Недоволна е заштитата во член 19 која што упатува на обврската субјектот да е должен во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на годишната пресметка да утврди дали настанатата загуба го загрозува успешното работење и доведува до инсолвентност.

Сметам дека оваа одредба нуди една обврска многу задоцнета према стопанскиот субјект, нема превентивен карактер. Ако го утврди тоа должно е да покрене постапка за санација или стечајна постапка. Ние и досега ја имавме оваа одредба и сметам дека секогаш кога доаѓаше до инсолвентност на стопанските субјекти, посебно оние кои одеа во стечај крајниот резултат беше на штета на доверителите. И во комисиската расправа јас потенцирав дека би требало да се вгради место член 19 или во рамките на член 19 во нацртот треба на одреден начин да се вгради превентивна функција во самиот закон со тоа што стопанските субјекти, а

сега веќе ги имаме регистрирано околу 30 илјади претпријатија во приватна сопственост кои што немаат никаква обврска по законот за финансиско работење и досегашниот, а и со овој член 19 од превентивен карактер. По мене би требало на одреден начин во овој член 19 или посебен член на одреден начин секое правно или физичко лице својот идентитет во рамките на своето работење уште во самото пријавување или со отворањето на својата жиро сметка да го утврди, со самото тоа што ќе се обезбеди стопанскиот субјект и својата економска јачина на одреден начин да ја искажам, а со самото тоа ќе предизвика кај стопанските субјекти да имаат обврска за залог или интабулација на својот имот во висина на неговото задолжување. Инаку, денеска како стојат работите сите тие 33 илјади стопански субјекти што се јавуваат може да се задолжуваат во прометот во недоглед, а на крајот резултатот ќе биде поразителен за доверителите. Значи, нема никаква заштита. Мислам дека со една ваква превентива ќе дојде до селекција на способни и неспособни стопански субјекти и тогаш ќе се откријат оние стопански субјекти кои што во прометот или во стопанството се вклучуваат со одредени намери што имаат пред се, крајна намера доверителите да ги изиграат. Тоа е една од забелешките што сакам да ја укажам.

Исто така посебно на одредбите каде што институцијата за платен промет поднесува пријава за стечај сметам дека би требало во рамките на онаа своја интабулација или залог треба да стои и одредена превентива или информирање на останатите доверители за загрозеноста на стопанскиот субјект посебно кај платниот промет или во платниот промет треба да има веќе форма и можност да му биде пристапно на секој стопански субјект да ја види инсолвентноста или солвентноста на партнерите со кои стапуваат во промет. Што значи досега беше така да

самите довршите односно самите стопански субјекти меѓу себе се информираат преку институцијата за платен промет, но тоа беше само по барање на доверителите. Сметам дека тоа би требало да биде превентивно и во самиот закон да биде вградено, информирањето на доверителите да биде навремено без посебно доверителите да бараат за солвентноста и со тоа ќе се обезбеди една превентива заради стапување во деловни односи со партнери кои нема меѓусебно да се надитруваат и меѓусебно да се оштетуваат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за финансиското работење.

2. Собранието ја задолжува Владата да изготви и на Собранието да му достави Предлог на закон при што да ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието.

3. Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за финансии.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

За, гласаа 78 пратеници.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (нема)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

I/10

Минуваме на **<u>точка 10</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за сметководство</u>

Предлогот за донесување на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за стопанство и Законодавно - правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Иван Иванов.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Законот за сметководството е еден од поважните закони со кои што ќе треба да се воведе еден подобар ред во стопанисувањето и секако тој заслужува внимание и од тие причини го поддржувам предлогот за донесувањето на овој закон. Меѓутоа, морам со жалење да кажам да понудените решенија кои што се содржани во законот да коинцидираат практично на досегашната практика, а која на некој начин во праксата се покажа како гломазна, како доста скапа и на некој начин одговараше на приликите на пазарната економија.

**ИВАН ИВАНОВ:** (продолжение)

Сметам дека е неопходно потребно да се извршат значајни концепциски промени во содржината на законот. Ова нешто го гледам во следното. Наместо да се појде повторно преку едни гломазни решенија со примената на двојното книговодство, во новите услови за кои се залагаме на пазарната економија лично мислам дека треба да се примени поедноставен начин на искажувањето на финансиските промени од една страна до искажувањето на финансискиот резултат. Во тој смисол мислам дека треба да се исклучи потребата државата да биде таа која ќе се грижи за имовината на правните субјекти и дека таа треба да пропишува се што треба и како треба. Еднообразност во работењето и искажувањето на резултатите апсолутно е потребно, меѓутоа една ваква гломазност мислам дека во сегашните услови е неприфатлива. Кога го зборувам ова пред се се залагам од начинот на пресметката на амортизацијата, па до начинот на искажувањето на резултатот преку билансот на успехот. Во тој дел мора да се прифатат едни поедноставни решенија, такви решенија кои што се познати во повеќе земји во светот каде што се пропишани основни однесувања кои што треба да ги запазат правните субјекти во смисла на искажувањето на финансискиот резултат да не дојде до злоупотреба на делот на зафаќањето од профитот од добивката, а додека сето друго ќе треба да биде препуштено по флексибилно според потребите, големината и самото гледање на стопанските субјекти. Мислам дека искажувањето на резултатот само преку трошковната структура од каде што ќе бидат прикажани како влез сите трошоци, а на крајот да биде искажан на многу едноставен начин постигнатиот резултат ќе ја даде саканата цел со донесувањето на овој закон.

Во овој дел има повеќе прашања кои што заслужуваат внимание да бидат детализирани, почнувајќи од тоа како треба да се искажува

II/2.-

амортизацијата, како ќе се утврдува книговодствената вредност, па до самите ставки во билансот на успехот. Меѓутоа, мислам дека со примената на еднообразното книговодство во делот само на прикажувањето на трошковната структура во многу ќе ја поедноставни самата постапка а со тоа ќе се убрза начинот на искажувањето на резултатот, нема да има потреба од ангажирање на работна сила, нема потреба од пропишана документација која што страотно го оптоварува работењето на претпријатијата, а со тоа ќе се поскитаат многу поефектни резултати. Од тие причини предлагам при конечното оформување на Нацрт законот од страна на предлагачот да се имаат во предвид ваквите искажувања.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувано пратеници, почитувано претседателство, социјалистичката партија на Македонија смета дека овој закон во извесна смисла ја задржува структурата на досегашниот закон за сметководство, со тоа што во истиот се извршени некои терминолошки, методолошки и редакциски подобрувања на законскиот текст и во искажувањето на финансискиот резултат наместо доход е инаугурирано добивка. Од тука Социјалистичката партија на Македонија смета дека овој закон има времен карактер затоа што во целост не е прилагоден на плурална сопственост и пазарните услови на стопанисување, како и на четвртата и седмата директива на СДС за сметководствените искази според кои директните сметководствени искази се стандардизирани со соодветен број на сметководствено финансиски стандарди. Законот за видовите на сметководство во основа поаѓа од мали и големи претпријатија, а Социјалистичката партија смета дека треба да поаѓа и од видот на сопственоста,а пред се општествена, мешовита, акционерска, државна, прифатна задружна и други видови на сопственост. Според карактерот на сопственоста треба да се регулира и валоризацијата на капиталот и

распределбата на добивката што со предложените решенија во законот не е консеквентно изведено. Со предложениот закон е предвидено дека на сите големи претпријатија треба да се врши задолжителна така наречена економско - финансиска ревизија, а во исклучителни случаи по барање на Собранието на Република Македонија и на малите претпријатија. Во земјите со развиена пазарна економија и економско финансиска ревизија се врши на комерцијална основа и по барање на акционерите, затоа така треба да се предвиди и кај нас, а кај претпријатијата каде што има неприватизирана општествена сопственост да се врши ревизија со цел да се следи законитото користење и управување со оваа имовина додека истата да се приватизира, а кај претпријатијата со државна сопственост потребно е да се предвиди државна ревизија на јавните приходи и расходи. Социјалистичката партија на Македонија смета дека овие три вида на ревизија не можат да се поистоветуваат како што е сторено во предложениот закон, затоа што истите се извршуваат по различни методологии и меѓународни стандарди. Како што е предвидено да се врши економска - финансиска ревизија на сите големи претпријатија се поставува прашањето дали во нашата Република има доволно овластени организации и овластени ревизори кои квалификувано можат да ја извршат оваа задача.

И на крајот предложениот закон се предвидува да стапи во сила од 1 јануари 1993 година. И овде се поставува прашањето, ќе го донесе ли Собранието законот до крајот на годината, а веќе сме петти јануари и како претпријатија во наредната година ќе ги отворат книгите и сметководствено ќе ги евидентираат деловните промени, или ќе очекуваат да се донесе закон со што ќе западнат во неажурност и неуредност во водењето во своето материјално и финансиско работење. Во тој смисол предлагаме предлагачот да ги има во предвид овие наши предвидувања.

II/4.-

**ХАМИД АЛИУ:**

Дами и господа, ценето претседателство, Предлог за донесување на закон за сметководство, односно уште од порано имаше потреба од донесување на ваков закон. Направен е чекор напред од овој аспект со овој закон, но не се направени радикални промени. Еден од главните системски закони по мене е овој закон. За кратко време ќе го донесеме законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и мораме да имаме и сметководствена методологија со меѓународни решенија. Без сметководствени стандарди, без европска сметководствена методологија кај нас никој нема да инвестира. Не сме уште ослободени од некои работи од минатото. Наместо да имаме еден комплетен закон скоро во секој трети член на законот стои клаузулата дека решение ќе даде соодветното министерство. Уште се двоумиме за органот на ревизијата, односно на постоење на Службата за општественото книговодство. Времето бара техниката за книжење и валоризација на делов ни и вонделовни средства да биде поедноставена ако сакаме да го браниме интересот на државата. Со досегашниот закон за сметководство финансиерот како што му конвенираше можеше да ги направи и резултатите Категоријата добивка мора уште потемелно да се елаборира, по конкретни даноците и придонесите и разликата на приходите и расходите да биде оданочувана, а не со личните доходи.

На крај во Предлог законот јас мислам дека имам за соодветното министерство едно прашање. Дали овој предлог закон по методологија и по начинот на книжење е истиот соодветен закон кој се применува во сите европски земји?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

На почеток среќна Нова година на сите пратеници.

Сакам да укажам на неколку моменти во врска со предлогот за донесување на законот за сметководство. Истиот е препишан од

поранешниот сојузен закон, има минимални новини, меѓутоа, тргнува од позиција на договорна економија и сеуште државата ја става во позиција на заштитник на сопственоста на стопанските субјекти. Ако имаме во предвид дека градиме пазарна економија сметам дека и пресметковниот систем мора да ги прати тие тенденции и да одговара на пазарното стопанисување во државата. Законот не тргнува од позиција на промена на сопственичките односи, на сопственичката структура во стопанството и токму заради тоа сеуште ги задржува прерогативите кои што ги имаше државата во поглед на стопанисувањето и функционирањето на пресметковниот систем кај стопанските субјекти од времето на договорната економија. Сметам дека државата треба да ја препушти грижата за сопственоста и капиталот на сопствениците на тој капитал и истите да се однесуваат според ризикот на стопанисувањето спрема тој капитал. Пресметковниот систем кој што се предлага е гломазен, сложен и ги оптоварува при пресметувањето на добивката, на пресметката на приходите и расходите на стопанските субјекти што не овозможува државата да создаде стабилни рамки, институционални рамки, механизми со кои што ќе може да го утврдува приходот, расходите и добивката за да може и да ги наплати буџет ските потреби во буџетот на републиката. Затоа имам неколку конкретни предлози кои што сметам дека Владата треба да ги има во предвид при подготвувањето на предлогот на законот, а тоа е билансот на состојбата да се изготвува само еднаш во текот на годината, на крајот од годината, а не како што е предложено двапати, бидејќи изготвувањето билансни состојби во стопанските субјекти двапати во годината мора од своја страна да услови два пати вршење пописи на вкупниот имот во организациите, а на тој начин создава дополнителни трошоци кај стопанските субјекти.

II/6.-

Методологијата на пресметката на ревалоризацијата да се поедностави заради тоа што сега имаме многу сложен систем на ревалоризација на основните средства за производство, односно имотот на стопанските субјекти. Понатаму сметам дека иако во законот често пати се зборува за сметководствени стандарди би требало заради одбегнување на различното толкување во практиката на сметководствените термини кои што законот тргнува дека секој стопански субјект мора и ги познава тие сметководствени стандарди, Владата да ги довери на некоја стручна институција, ние такви ги имаме институти и факултети да ги подготват и во смисла на овој закон да го утврди значењето на секој термин кој што се употребува во законот за сметководството. При пресметката на приходите би требало да се премине конечно од фактурирана реализација на наплатена реализација. Сметам дека на тој начин ќе се одбегнат сега присутните разни дубиози, малверзации кои ги вршат стопан- ските субјекти да се фактурираат самите себе си ако им фалат приходи за да покријат трошоци во работењето, расходните ставки итн. Тука би требало државата да поведе сметка конкретно на пример при утврдувањето на вкупните приходи на пресметката Владата да ги преземе сите мерки и активности за воспоставување на билатерални спогодби за платниот промет со Сојузна Република Југославија, бидејќи најголемата стопанска размена се врши токму со овие две републики Србија и Црна Гора, меѓутоа спогодба за платен промет имаме склучено само со Словенија и Хрватска. Уцедеата никој не ги евидентира при извозот на стока и на тој начин единствено податоците за остварените вкупни приходи можат да се најдат само во стопанските субјекти.

Во член 81 каде што пишува дека годишните сметководствени искази ги проценува овластена организација за вршење на работи на економско - финансиската ревизија мора да се утврдат соодветни законски критериуми и стандарди и право на лиценца за вршење на економско - финансиска

ревизија кај стопанските субјекти за да истата не ја врши евентуално новата институција за платен промет, односно постоечката служба за општествено книговодство. Така што применувајќи ги стандардите на пазарната економија и пазарното стопанисување да се овозможи и други субјекти кои се занимаваат независно од карактерот на сопственоста, кои се занимаваат со работи на економско финансиска ревизија да можат истите да ги вршат спрема стопанските субјекти.

**ФАИК АБДИ:**

Срећна и честито Нова година. Мислам дека во овој момент разговараме за еден многу важен закон од нашето живеење во државава. Се согласувам со претходните дискутанти дека треба да претставува синтеза на сите наши барања за пресврт во нашето однесување кон се она што го создаваме, ново создадена вредност, односно кон се она што губиме како вредност. Мислам дека ќе мора гледајќи ги овие последни страници активата и пасивата, билансот на успехот и билансот на состојбата, мислам дека само од тоа ако појдеме ќе дојдеме до осознавање дека сеуште сме на некое си старо правило кое што кажува ангажирање на доста луѓе околу тие да речам синтетички, аналитички, и субаналитички и незнам какви други конта, една плејада од стручњаци кои што книжат, прокнижуваат еден ист документ на 5-6 места се книжи итн., и се заради еден резултат на крај да се види какво е работењето на организацијата, какво е работењето на физичкото лице итн. Претпоставувам дека со нашата пазарна економија и пазарно однесување дека ќе мора да има многу поупростен начин на водење на книговодствените податоци, претпоставувам дека контролата ќе биде така што ќе може многу побрзо и поточно да дојде до вистинските податоци во организациите, кај приватните физички лица, кај приватниците, кај посебните лица, кај мене, кај тебе, кај овој, кај оној. Во Егејското јазично подрачје познати се стручњаци кантан - сметководители. Секој човек мора

II/8.-

да има свое конто и јас морам да имам свое конто и без да пријавам тој што ме води не ќе можам јас да примам личен доход, а тоа значи бруто, односно тој плаќа данок за мене, а јас нетото си го зимам во џеб. Или пак тој што ќе ми го направи билансот, јас имам фирма, ќе направи еден биланс вистински за мене како газда колку треба да платам данок, а еден билас за газдата, за мене колку навистина имам добивка внатре. Тоа значи меч со повеќе острици.

**ФАИК АБДИ**: (продолжение)

На запад тоа е познато, а и кај нас тоа е познато сега. Мислам дека ако ние не успееме во многу краток временски период нашето финансиско работење и сметководните податоци така да ги упростиме односно да ги сведеме на оние што се наједноставни еве на запад, ние не сме направиле ништо. Ние сакаме Европа, веројатно и Европа нас не сака,и ако немаме сводни биланси на ниво еве на 12-мината, Европската заедница итн. да не спомнувам, што е сега, тие ќе се однесуваат према нашето однесување, не ние ќе се однесуваме спрема нивното однесување, според нивниот начин на работење. Сигурно не сме попаметни од нив. Да ви кажам дека, а веројатно добар дел од вас знае овде дека имаме разни начини на водење на сметководните работи, еве почнувајќи од калкулирани трошоци пренесени во фактурирани, па пренесени во наплатени по коефициенти итн., дали себе се лажеме или ето тоа беше одраз на системот, да го оставиме тоа настрана, меѓутоа во овој момент мислам дека овие дискусии што беа кажани од повеќето дискутанти, а може малку да помогне и мојава дискусија ќе мора нашите стручњаци, Министерството за финансии и законодавците да ни предложи закон за сметководство што ќе биде многу практичен и што ќе биде компатибилен на се она што се вика денес и што треба да не очекува утре. Никако поинаку. Ова мислам дека не е во ред.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор.

Господин Ајдарага.

III/2

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство, потребата од донесување на нов закон за сметководство сигурно нема да ја оспориме, всушност, таква беше од прилика и дискусијата скоро на сите досегашни дискутанти. Мислам дека во начело повеќето од дискутантите кажаа дека предлогот каков што е не нуди некој посебни нови решенија во однос на она што беше досега. Иако има некој работи, јас ќе кажам само неколку збора за тоа што гледам, кој се моите укажувања во врска со предлогот што е тука даден.

Членовите 9 и 10 ги регулираат прашањата на водењето на двојно односно буџетско книговодство. Поаѓајќи од искуството кое јас го имам, иако е тоа мало сепак мислам дека водењето на две различити сметководства, мислам дека треба да се избегне, од причини што кога се вршат одредени побарувања на порамнувањата односно должничко доверителите односи кај буџетските организации, тоа прашање не е можно да се види. Мислам дека оние стопанственици кои што имаат работа со буџетските организации, тоа најлесно можат да го констатираат особено ако е во прашање подмирувањето на долговите. Заради тоа мислам дека треба да бидеме единствени, тоа е мое гледање.

Она што посебно сакам да го истакнам, тоа е прашањето со истите членови се регулира и водењето на одредени книги, меѓу кои благајничките книги. Она што сакам јас да кажам е тоа што, иако во поглавјето каде што се зборува за овој закон за ревалоризација е кажано за ревалоризација на трошоците и приходите, меѓутоа недоволно досега ми се чини се води сметка за ревалоризација на благајничкиот максимум во организациите. Иако тоа е прашање што посебно го регулира, по мене, Владата, а и мислам досега такви случаи имавме доста проблеми во организациите и

посебно во малите организации да водат битка како и на кој начин да ја избегнат оваа состојба, бидејќи не можат да платат, поготово за одредени производи, а се знае кој производи можат да се платат, со исклучок во земјоделството, но има трошоци кои што максимумот од 100 илјади динари колку што е досега не задоволува. Заради тоа мислам дека во изготвувањето односно Владата ако веќе не го регулира ова прашање овој закон да води сметка и ова прашање да го регулира, бидејќи организациите на здружен труд имаат големи тешкотии.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

1. Собранието го усвојува предлогот за донесување на законот за сметководството.

2 . Собранието ја задолжува Владата да изготви и на Собранието да му достави Предлог на закон при што да ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието и изнесени на денешната седница.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за финансии.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака (пратениците креваат рака).

78 пратеници гласаа за

Кој е против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **точката 11** - Предлог за донесување на закон за заштита на индустриската сопственост.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на Комисијата за стопанство и Законодавно правната комисија,Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

1. Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за индустриската сопственост.

2. Собранието ја задолжува Владата да изготви и на Собранието да му достави Предлог на закон при што да ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за финансии.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака (пратениците креваат рака)

74 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **точката 12** - Предлог за донесување на закон за пензиско и инвалидско осигурување.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на Комисијата за труд и социјална политика и Законодавно правната комисија, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Господин Бранко Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство, уште на почетокот сакам да потенцирам дека на денешната седница расправаме за еден многу суштествен и витален закон, и ако е во првата фаза на негово донесување, кој во себе ги регулира односите во пензиското и инвалидското осигурување. Посебно, а пред се осигурување кое обезбедува заштита на лицата кои според старост или инвалидност не се во можност најкомплементарнод а придонесуваат на директен начин за материјалната благосостојба за себе, за своето потесно и пошироко семејство. Меѓутоа, морам да нагласам дека некористејќи го принципот на солидарност, али принципот на економска и материјална сигурност во прв ред преку лично издвојување на средства за старосно и инвалидско осигурување. што значи дека оваа категорија на граѓани која е предмет на текстот од предложениот предлог за донесување на закон за пензиско и инвалидско осигурување многу суштински се разликува од другите граѓани и семејства кои се

предмет на другите закони а пред се законот за семејство, законот за социјалната заштита, закон за општествена заштита на децата и уште многу други кои во себе во најголема мерка го содржат принципот насолидрност, хуманост па и взаемност. Што значи јас правам извесна диференцијација помеѓу граѓаните кои лично учествуваат со своите средства заради лична и семејна сигурност во случај на старост или инвалидност, кој они по пат на солидарноста со учество на прв ред на државата како основен носител на социјална политика односно социјална заштита и другите субјекти обезбедуваат средства за лична и семејна егзистенција како резултат на состојбата во која се нашле поради лична  и општествена причина.

Имајќи ја предвид ваквата диференцијација , јас лично се залагам, посебно овој закон да биде така уреден во кој целосно ќе се обезбедува економска и социјална сигурност на секој индивидуален осигуреник и неговото потесно и пошироко семејство. Сега се прашувам дали со овој закон нормално целосно се уредни односите во пензиското и инвалидското осигурување и дали истиот има во себе една конзизистентност. Можам да кажам дека тоа е да. Проучувајќи го понудениот текст на предлогот за донесување на закон за пензиско и инвалидско осигурување дојдов до заклучок дека предлагачот има намера и прв  да изврши кодификација на пензискиот систем односно повеќе закони да ги смести во еден закон. Потоа, сметам дека предлагачот не се залага да изврши целосна радикализација во пензискиот систем, при што се определи за некој вид закон кој ќе обезбеди преодно решение и ќе биде во духот на почетните економски и друг вид промени, меѓутоа кој ќе ја дели судбината на економската, социјалната и политичката положба на државата и на граѓаните кои живеат во неа. Истиот, барем според мое убедување, е правен врз искуствата на граѓанските општества, но доста модифициран и

прилагоден на нашите објективни, економски можности. Јас лично го прифаќам ваквиот приод, заради тоа што многупати се правени закони кои во себе имаат многу убави содржини, со низа предвидени права на граѓаните, но за жал, немале практична примена и верификација.

Посебно ме радува што со овој закон се тежи пензискиот систем да се стави во функција на оние кои најдиректно преку целиот работен век издвојувале средства, за лична, семејна, економска и социјална сигурност, при што целосно се издвојува државата од поединецот, а тоа значи за мене државата ќе биде должна да партиципира во заштитата на сите оние граѓани кои не се во можност преку делот на средствата што ги издвојувале за оваа намена да обезбедат одредена социјална сигурност без да се терети фондот за инвалидско и пензиско осигурување. Во начело, поради сето тоа што напред го изнесов го поддржувам предлогот за донесување на закон за пензиско и инвалидско осигурување како една неопходна потреба, но според мене неговото конечно донесување треба да оди паралелно со Законот за работните односи, Законот за јавните установи, Законот аз социјалната заштита, Законот за вработување, кои помеѓу себе имаат допирни точки и што во нив се испреплетуваат и се надополнуваат многу индивидуални и семејни права. Ваквата паралелност при донесувањето на овие закони оневозможува да се создава одредена правна празнина за пооделните права на граѓаните во нивното остварување и користење.

Што се однесува до содржината на законот упадливо е што во новиот предлог за донесување на законот, се нудат неколку промени и надополнување во однос на постојниот закон. Јас немам намера да се навраќам на сите промени заради тоа што за нивното елаборирање се бара повеќе време и сметам дека во оваа фаза нема потреба од таква анализа и

заради тоа што овој закон треба да оди во три фази и ќе има време да се учествува во неговото оформување и дополнување. накусо ќе се задржам во моето понатамошно искажување само за неколку и тоа од содржината на законот,а пред се во делот што се предлага за зголемување на старосната граница како алтернативно решение. Меѓутоа, според мене ова решение кое нуди зголемување на старосната граница за 0,6 месеци за секоја година, почнувајќи од 1 јануари 1993 година, а завршува со 1997 година, при што за мажот се предвидува старосна граница од 62 години, за жена 58 години. Ваквото решение е присутно во многу земји во Европа кон кои се стремиме па и во светот и што според сите демографски сознанија животниот просечен век за поединецот за последните години е поместен од 68 на 72 години за мажи односно од 72 на 76 за жени. Во таа смисла се залагам оваа понудена алтернатива во другата фаза при предлагање на закон за пензиско инвалидско осигурување да претставува основно решение.

Во делот од содржината на законот кој го регулира прашањето на предвремено заминување во пензија, го сметам за сосема исправно во две причини. Прво, што со оваа определба се зголемува процентот од 05 на 1,33 за секоја година и на тој начин го дестимулира предвременото одење во пензија кое е неекономично. Второ, што го обезбедува принципот на правичност, па дури и принципот на еднаквост.

Исто така во делот, односно во член 11 до член 16 се опфатени сите осигуреници со задолжително осигурување во кој дел се сместени и категоријата на индивидуалните земјоделци кои во задолжително пензиско инвалидско осигурување беа опфатени со измените и дополнувањата на законот за пензиско и инвалидско осигурување во текот на 1989 година. Меѓутоа, поради низа објективни па и субјективни реагирања и причини за

индивидуалните земјоделци е предвидено и алтернативно решение истите да се бришат од задолжително осигурување и да се сместат во делот што го регулира прашањето на доброволно осигурување, т.е. за прв пат се воведува во нашиот системски закон за пензиско инвалидско осигурување. Ваквата алтернатива за мене ќе мора потемелно да се проучи и во јавната расправа која треба да се води по нацрт на текстот на овој закон посебно да се организира со сите индивидуални земјоделци и на основа добиените сознанија од конкретната расправа да се предложат и конкретни решенија во законот за пензиско и инвалидско осигурување. Дури сметам за потребно, бидејќи се работи за една чувствителна категорија, а се работи за индивидуални земјоделци кои веќе остваруваат одредени права по системскиот закон, и во меѓувреме се изврши едно научно истражување од компетентна научна институција со единствена цел да не се огрешиме спрема земјоделците кои во Република Македонија се присутни со повеќе од 40% од вкупната популација.

Посебно е за одбележување со овој закон, можеби за прв пат се нуди дегресивно усогласување на пензиите за кои често пати и ние расправавме овде, на Собранието во разгледување на разни информации итн. што кај мене создава дилема и тоа од следните причини. Прво, што со ова решение на некој начин ја негира пазарната определба, а пред се принципот на наградување според вложениот труд и неговото учество, се разбира, и пензија според вложените средства за пензиско и инвалидско осигурување. Второ, дали дегресивно осигурување нема да влијае дестимулативно во екстра вложувања за пензиско и инвалидско осигурување од граѓаните кои имаат желба за такво вложување.

Што се однесува до критериумите во поглед на пензиската основа и тука мора потемелно да се проучат состојбите. За мене држи определбата секој колку што има внесено , толку да има право и на пензија, што е и нормално, што не е и во сегашни услови такво решение. Лично го прифаќам периодот од 1970 година, да влезе целосно во пензискиот основ, а да се отфрли можноста 10 најповолни години, па дури одредени случаи последната година од најповолните пензии по поповолни услови. Со исклучок на оние кои исклучиво работат во тешки и за здравјето штетни услови.

На крај да повторам, го прифаќам ваквото донесување на ваков Предлог закон за пензиско и инвалидско осигурување со предлог тој исто така да оди во три фази и како нацрт.

**ЈОРДАН ЗАФИРОВ:**

Почитувани пратеници, во понатамошната постапка на предлог законот за пензиско и инвалидско осигурување, предлагам да се има предвид времето поминато во селските работни задруги, при што истите, истото време поминато во тие задруги да може да се докажува и со изјави. Имајќи предвид дека ова документација, главно, е уништена и практично неупотреблива.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Стојановски.

**НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, бидејќи се работи за системски закон кој се однесува на четвртина од населението, тоа се 191 илјада пензионери и издржувани членови - еден, два до три члена, сметам дека овој закон треба да оди во три фази, а не во две фази како што е предлогот, за да може сите асоцијации кои се директно заинтересирани за овој закон, а тоа се асоцијациите на пензионери, на борци и инвалиди и асоцијациите на Синдикатот за оние кои треба да одат во пензија. Од тие причини законот треба да оди во три фази за да може сите да се искажат и да си дадат свои забелешки на оние работи кои се изнесуваат во законскиот пред- лог.

Има доста работи кои треба да се usогласат и со другите закони, како што е Законот за работни односи, како што беше и овој закон што го разгледувавме пред некој ден тука за данокот, персоналниот данок итн. и други закони и од тие причини треба одредено усогласување и за тоа е потребно одредено време, за да не дојдеме во ситуација да се закине некое право кое е стекнато досега и да не се закине она кое секој осигуреник во своето време на работење го внесува во таа пензионерска каса.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници, го поздравувам донесувањето на Предлогот за донесување на закон за пензиско и инвалидско осигурување. Мислам дека истиот требаше да се најде можеби многу порано од проста причина што голем дел на осигуреници оваа потреба ја чувствуваа повеќе од нас.

Не се јавив да зборувам материјално за целата содржина на законот од проста причина што мислам дека овој закон и вака ќе мора да оди на

расправа, односно истиот да мора да ги претрпи трите фази заради тоа што е еден системски закон, меѓутоа, она што вака ме заинтигрира е алтернативата на член 17 по основ на услови за стекнување на старосна пензија. Мислам дека алтернативата која што овде за жал нема да се согласам со дел од дискутантите кои беа по- рано, што овде се нуди во смисла на зголемување на пензискиот стаж за еден извесен период до 1998 година почнувајќи од 1993, мислам дека не е вред од следната причина:

Друго е ние во овој закон да нудиме едно ново системско решение во кое ќе ја зголемиме старосната граница за сите. Ние и понатаму ги оставаме истите услови за стекнување на старосна пензија, меѓутоа основен аргумент во кој што велиме дека ќе се зголеми за 0,6 месеци, почнувајќи од 1993 до 1998 година, е велиме причината за ваквата состојба е енормно зголемување на бројот на корисници на пензии што доведе до драстично нарушување на соодносот меѓу осигурениците и корисниците на пензија, на еден пензионер 3,07 осигуреници. Мислам дека ваков еден аргумент не држи од причина што ние не можеме да воведуваме експериментална генерација на нови пензионери. Друго е ако го менуваме комплет системот, па воведуваме една експериментална генерација во смисла на подобрување на условите за стекнување на пензија а во овој случај се работи за влошување, според мене, така што сметам дека овој аргумент на немање на пари и енормно зголемување на пензиите не може да држи затоа што тоа се луѓе кои ги заработиле пензиите, тоа се старосни пензионери, а не пензионери кои стекнуваат пензија по основ на инвалидитет. Мислам дека сигурно овој член ќе претрпи големи измени, односно тоа веројатно ќе го покаже и јавната расправа, затоа, мислам дека е пожелно на ова нешто да се размисли уште во стартот во надлежното министерство.

IV/3.-

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Прво ќе кажам Добар ден и првите зборови на господинот Петров - честита нова година на сите присутни во салата, а не само на пратениците.

Дами и господа, по однос на овој закон ќе говорам само за две начелни одредби кои сметам дека ќе бидат добра основа за изработка на Нацртот на текстот кој ќе оди во три фази и Предлогот на законот.

Прво, тоа се однесува на одредбите на член 135 каде се предвидува една новина, за мене многу добра, меѓутоа, лично сметам дека не е целосно решена. Имено, тука се предвидуваат и даваат гаранции за доброволно осигурување и тоа на одреден број на лица, тоа се граѓаните и лицата кои се опфатени со задолжително пензиско и инвалидско осигурување. Кога се говори за доброволно осигурување, сметам дека основот доброволност е на страната на оној кој бара не- кое право од однос, а тоа сакам да го оправдам вака: Не овие, туку секој граѓанин ќе има право да се обрати до Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, да изјави желба, да ги прифати правилата на осигурувањето и доброволно да се осигури за одредено време кога ќе плаќа придонеси, а со изминувањето на тој рок и уплата од него да се здобие со вакво право. Сметам дека ова е целосно решавање на прашањето на доброволно осигурување.

Вториот дел за кој исто така во начело сакам да ставам една забелешка и претставникот на предлагачот начелно, по мое сфаќање, кога се расправаше во Законодавно - правната комисија имаше став дека оваа забелешка треба да биде прифатена, а тоа е односот од- носно начинот и основот од каде ќе се обезбедат средствата за работа на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. И така набројува во ставот 1 пет точки, да заврши со став 2 кога покрај другите од овие пет точки даде и основи за

приходи на фондот, каде се вели де- ка ги сочинуваат и средствата остварени по основ на трансформација на општествениот капитал во согласност со закон. Веројатно се мисли на Законот за трансформација. Тоа е вред, меѓутоа овој фонд како право лице кои има и имот, кога одлучувало за своите сопствени приходи, тие приходи не ги става во функција на својата намена. Затоа, на предлагачот од овде како мое мислење и мислам дека е конструкција со основ во самиот закон, покрај на предложените пет точки во став 1 да се додаде уште една точка - и од имоти и сопственост на Фондот. Кога велам "и од имоти" мислам на средствата кои се остваруваат од имотите на Фондот. Сметам дека ова го предлагам со право, затоа што Фондот кога веќе станува правно лице ќе има, особено од точката 5, права на приходи и од други приходи, па тоа можат да бидат донации, подароци, разни други доброволни чинидби, со што ќе се зголеми фондот, односно имотот на Фондот и тие приходи ќе треба да бидат наменети и насочени кон измирување на трошоците околу работата на Фондот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за пензиското и инвалидското осигурување.

2. Собранието го задолжува предлагачот да изготви и на Собранието да му достави Нацрт на закон, при што да ги има предвид укажувањата и забелешките на Комисијата за труд и социјална политика, Законодавно - правната комисија и од расправата на самата седница на Собранието.

IV/5.-

3. Овој заклучок заедно со извештаите на Комисијата за труд и социјална политика и Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и до Министерството за труд и социјална политика.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? 66 пратеници гласаа за. Дали има некој против? (Нема). Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок

Преминуваме на **13-та точка** - Нацрт на закон за рибарство.

Нацртот на законот и извештаите на Комисијата за земјоделство и шумарство, Законодавно - правната комисија и Комисијата за заштита на човековата околина ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор?

**МАРИН МИЛЕНКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, Нацртот на законот за рибарство е еден од првите закони кој се предлага од областа на земјоделството и е изготвен уште од претходната Влада. Овој закон не беше повлечен од новата Влада, која другите закони од областа на земјоделството ги имаме повлечено.

Со Нацртот на законот за рибарство предложените решенија се во функција на Уставот на Република Македонија и некои системски решенија. Исто така во Нацртот на законот се вградени и мислењата и предлозите дадени во расправата по Предлогот за донесувањето на овој закон. Предложените решенија во Нацртот на овој закон се во функција на

поефикасно регулирање на начинот на стопанисување со рибниот фонд, неговата заштита и можностите за развој на рибарството во целина.

Комисијата оцени дека има потреба од вклучување на научни и стручни соработници за неговото доизградување и допрецизирање на некои одредби, на кои Комисијата исто така имаше забелешки на текстот, кои се дадени во извештајот на Комисијата.

Комисијата за земјоделство и шумарство оцени дека има потреба од негово донесување и предлага Собранието да го разгледа и донесе, при што предлагачот да ги има предвид сите мислења, предлози и забелешки кои ќе бидат искажани во расправата по текстот на Законот.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Струга, струшките рибари и одборниците на Општинското собрание имаат забелешки на Нацртот на законот за рибарство. Се предлага член 14 да се брише. Имено, Охридското Езеро да биде единствено риболовно подрачје како еколошка, хидрографска и економска целина. Додека членот 14 во вака предложениот Нацрт предвидува образување на две риболновни подрачја, за Охрид и Струга, јас го искажувам противењето на делба- та на Охридското Езеро. Таа делба да не се подредува на организациската поставеност на риболовните претпријатија на подрачјето на Охридското Езеро, туку обратно неделивоста на езерото да биде она што ќе ја предодреди организациската поставеност на претпријатијата во Охридско - струшкиот регион. Впрочем, во Извештајот на Комисијата за земјоделство и шумарство го прочитавме и залагањето на Комисијата со еден ваков заклучок;

IV/7.-

Втората забелешка е во членот 46, точка 4, во текстот на Нацртот на законот што го имаме се забранува ловење на риба со блинкер со влечење. Мотивот на предлагачот е заштита на подмладокот на рибите и неселективноста на блинкерот при ловење.

Предлагам бришење на точката 4 од членот 46 или преформулација. Евентуалната преформулација на точката 4 да дозволи риболов со блинкер и тоа тројка и четворка, кои ќе обезбедат селективност, што ќе значи дека помалите риби на овие блинкери не можат да се фаќаат, а со тоа ќе се обезбеди и селективноста што го предодредува мамецот односно на тој начин ќе се поштеди рибниот подмладок во езерото, што е и тенденција на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и стручните институции во Републиката што се занимаваат со оваа материја и учествувале во изготвувањето во Нацртот.

Ваквата одредба, ако се има чесна и строга рибочуварска служба, може да биде спроведена од единствена контролна служба за целото езеро, а не поделена по општини, што ќе обезбеди и праведност и несоздавање на некоја фамилијарност на општинско ниво. Во спротив- но, ако остане формулацијата во точката 4 на член 46 како што е предложено, за последица ќе има укинување за околу 80% на риболовот во струшкото крајбрежје, укинување на послетница и загрозување на егзистенцијата на 80% од рибарските семејства, од причини што блинкерот во струшкото крајбрежје е основното риболовно средство заради карактеристиките на крајбрежјето кои не дозволуваат да се употребуваат во поголемиот дел мрежи за ловење на риба и поради тоа што влевањето на Сатеска, неприродниот влез на Сатеска во езерото придонесе струшкото крајбрежје да се загрози и риболовот да се доведе во една тешка состојба која ја избрка рибата и мрежата во тој дел постана неупотреблива.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Разгледувајќи го Нацрт законот за рибарството, сакам нешто да истакнам дами и господа, многу важни моменти зошто нашето рибарство брзо падна на нула и каде е вината. Ние носиме закони.

Убаво е тоа што носиме закони. Еве ви ништо, добивте нешто, не добивте ништо. Така ли е, така е. Кога се носи закон се земаат и се проучуваат сите услови зошто го носиме законот и каква полза ќе имаме од тој закон и врз што го засниваме законот. Ми се чини дека малку порано дискутиравме за еколошката катастрофа на водите. Не знам во Преднацртот дали е тоа предвидено, меѓутоа, согледувајќи ги положбите на нашите води ќе видиме дека рибарство ние немаме. Немаме затоа што првин ги отрувме сите води. Никој досега не поведе сметка зошто ние го направивме тоа големо зло. Господин докторе не е блинкерот во прашање. Блинќерот е само еден маменц кој може да уништи една риба, но ние ги уништивме сите врски риби во нашите води. Не знам зошто порано господата кои седат во овие клупи не го донесоа тој закон. И порано ловеа со мрежи, ловеа со блинкери, ловеа со јадици, но нашите води беа полни со риби и тоа со разно- врсни риби. Во моментот ние треба да спречиме поголема еколошка катастрофа на рибата. Ако продолжиме, не само една рекичка Сатеска што влегува во Охридското езеро, но сите реки се поврзани една со друга. Мрестењето на рибите така е поврзано во реките, тоа е едно чудо, а прават голем пад разни врсти риби да влезат во тие слатко- водни води во Македонија. При влегувањето тие погинуваат. Тоа е јасна работа. Сите отпадоци од нашите фабрики се во нашите води. Најлесно ни беше тоа. Фабриката ќе си ја направиме покрај реката, и отпадоците ќе паѓаат во реката. Најлесно ни е да ни е чист дворот на фабриката, а најлесно ќе се ослободуваме од материите кои не се потребни. Со тоа еколошки и ние умираме. Мајката, ќе рече некој, како ние

умираме. Па умираме. Загадената вода ја упива земјата оди во изворите, оди во водоводот и ние систематски умираме. А тука имаме доста доктори, тоа ќе го потврдат дека повеќето од нас 90% сме болни од разни болести. Прво, при донесувањето на Законот за рибарство треба да се донесе најстрог закон за еколошко спасување на тие животинчиња, на рибите и на луѓето. Тоа да стои. Доколку продолжиме со муабети, доколку продолжиме со предлог-закони и донесување на закони, затоа реков земете, не земете ништо, тоа се тие наши закони што ги носиме, само пишуваме и кажуваме и фактички ништо од тоа не добиваме, а камо ли таа сирота риба. Ќе си псоиса уште пред да влезе во реката, или во езерото. И една друга работа, при Министерството за земјоделство треба да се има предвид една работа. Тука треба да има стручни лица кои ќе работат баш токму со тие животинчиња во водите. Затоа што правиме една друга катастрофална грешка што порибувајќи го некое езеро со една врска риба од која ќе имаме корист, ги уништуваме многу повеќе врсти риби. Затоа стручните лица секогаш треба да бидат на теренот, да ги има во тоа Министерството и да бидат контрола и луѓе кои ќе го повратат животот во Езерото. Еве да го земеме Охридското езеро. Охридското езеро, јас барем памтам пред 30-40 години беше богато со разни риби. Откога ја уфрливме една пастрмка, не знам како се вика, таа риба ги уништи скоро сите риби. Затоа стручњаците, би го замолил министерот за земјоделство да формира една група со такви стручњаци кои со тоа ќе се занимаваат и ќе имаат право да ги казнуваат сите оние кои ги загадуваат водите. Е сега пари. Ќе даде господ да имаме пари - некогаш. Тој Закон не го носиме само за денес, тој закон треба да го штитиме и тој Закон треба да биде омилен на нашите поколенија и на

нашата држава. Навидум тие се мали работи. Но замислите вие да влезете во една шума или да дојдете во некое езеро. Влегувате во шумата нема врапче, нема мечка, нема диво животно, нема зајак, нема лисица човек ќе се исплаши просто. Исто и во водата. Ако не видите рипче, жапче, змииче сека од некој од "Пулс", нека пишуваат што сакаат тие се научени да пишуваат, ќе дојдеме еден ден кога ќе зборуваме и за тоа. Јас од тука ќе зборува, не за сите, туку за 95% ќе ги нацртам кои се и какви се. Меѓутоа, да ја завршам мислата за ова. Тогаш и во Езерото ќе се плашиш да влезеш. И во реката ќе се плашиш да влезеш. Затоа ќе ве молам земајте ги предвид сите излагања од пратениците што имаат забелешки во врска со тој закон или кои ќе дадат прилози за тоа да се земаат предвид и да бидеме вистински љубители не само на рибата, на реките, на нашата природа, туку воопшто нашите закони да се засноваат на таква база која ќе ги почитува сите граѓани на оваа наша татковина.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Поддржувајќи ја дискусијата и забелешките на пратеникот Ковачевски, во прилог уште би додал со укинувањето, односно повлекувањето на член 14 самата делба на оваа риболовно подрачје на некој начин се противи со пазарните законитости. Да се овозможи на риболовните организации од двете општини да бидат слободни па кој ќе биде поспособен, нека улови повеќе.

Второ, во смисла на забелешката на точка 4 од член 46 најплеменитите сорти, пастрмката, коранот и белвицата можат да се ловат најдобро токму со блинкерот, а селекцијата може да се направи онака како

што рече колегата, само со тоа што ќе се одреди големината на блинкерот. Бидејќи мала риба, мала белвица или пастрмка не може да лапне голем блинкер. И поврзано во врска со сево ова, во Законот никаде тоа не го најдов, дали треба со овој Закон кога ќе се изготви предлогот, или можеби со посебен закон, со оглед дека Охридско - струшкиот базен, односно Охридското езеро со 1/3 од својот дел спаѓа во Република Албанија, без смислено е да се одредуваат термини и ловостои, односно периоди кога ќе се лови, а кога нема да се лови и да се ограничат средствата за ловеше, ако тоа не е координирано со Република Албанија. Ова го нагласувам посебно заради тоа што на пример во Струга и Охрид им е по 30 дена дозволено ловење, а 30 дена е забрането ловство, додека во Албанија таква забрана не постои. Така да под итно се наметнува потребата ова да се регулира, дали со меѓудржавна спогодба, најверојатно во сјајот е така најлогично тоа да се регулира со Република Албанија и тие спогодби на некој начин да бидат инкорпорирани во Законот за рибарство.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Во врска со предложениот Нацрт-закон за рибарство, сакам Владата да ги има следните забелешки. Пред донесувањето на овој Закон мора да му претходи Законот за концесии, мора државата за стопанисување со рибниот фонд на езерата во Републиката, третирајќи ги како дел од националното богатство на државата Македонија,. прво да ги утврди условите во Законот за концесија, врз основа на кои ќе можат заинтересираните стопански субјекти, кои сakata да се занимаваат со стопанисување со Рибниот фонд при распишани конкурси да можат да конкурираат и да се пријават за да стопанисуваат со Рибниот фонд во езерата во Републиката.

V/5.-

Најголемите забелешки сигурно ќе бидат во однос на член 14 при определувањето на риболовните подрачја, доколку и понатаму останат во Законот, меѓутоа, сепак сметам дека во членот 16 кој се однесува на постапката за издавањето на Рибниот фонд под закуп треба да се утврди дека доколку на објавениот конкурс не се јават заинтересираните субјекти, односно заинтересиран субјект, Рибниот фонд Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе биде должно да го обновува конкурсот на секој 6 месеци, а не со директна спогодба да го дава на заинтересиран субјект, кој покрај Законот, односно условите за стопанисување со Рибниот фонд не ги исполнува истите.

Сметам дека Владата треба да ги преземе мерките со билатерални спогодби и договори со Република Грција и Република Албанија да го утврди режимот на водите и на стопанисувањето со Рибниот фонд, како што кажа и претходниот дискутант, токму од причини што на Дојранското Езеро на површина од 1/3 од Езерото кое се наоѓа на територија на Република Грција, имаме двојно поголем број на рибари, отколку што имаме рибари во стопанската организација на територија од површина од 2/3 на територијата на Република Македонија, со постапки кои немаат никаква контрола за рибарење и стопанисување со Рибниот фонд. Затоа сметам, дека Владата пред донесувањето на овој закон во форма на Предлог на закон, треба да ги преземе сите мерки и активности за склучување на такви билатерални спогодби, бидејќи џабе ќе биде режимот на стопанисување на рибниот фонд кој сами ние ќе го утврдиме без претходно соработка и договор со соседните држави на чија територија се наоѓа на дел од овие езера.

V/6.-

**ГАЗМЕНТ АЈДЕРАГА:**

Прашањата кои што ги регулира овој закон беа предмет пред Комисијата за земјоделство, затоа зборуваше колегата Марин Миленковски, претседатела на Комисијата. Јас ќе кажам за некои работи кои не беа кажани на Комисијата. Имено, станува збор за казните кои што беа наведени во Нацрт законот. Мислам дека казните се многу мали. Еве само за илустрација ќе кажам дека во член 54 со парична казна од 250 до 500 илјади денари се казна за прекршок на претпријатие, задруга или друго право лице кое лови риба на риболовно подрачје кој не му се дадени на закуп. За илустрација ќе кажам дека тоа е 50 до 100 кгр. риба. Слични се казните и во другите членови затоа мислам дека овде треба да се применува една друга логика, а тоа е казните да се сведуваат како што ги кажавме, односно како што ги утврдивме во Законот за прекршоците, односно за стопанските престапи.

**ДИМИТАР АНЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, дами и господа. Пред се би сакал да се заблагодарам на забелешките што беа изнесени во врска со Нацрт-законот за рибарството. И сметам дека најголем дел од нив ќе бидат градени во конечното оформување на Предлогот на законот. Во оваа прилика само накратко би сакал да кажам неколку аспекти за значајот на рибарството во Македонија, како во стопански, така и во еколошки аспект и би сакал два-три коментара по изнесените забелешки. Би сакал овде да ја изнесам бројката дека во Македонија цирка годишно се ловата околу 2 килограми риба, што е количина која што треба да се респектира. Еве за информација во Охридското езеро 250 илјади килограми, во Дојранското 380 илјади, во Преспанското 81 илјада и најголем дел во рибниците за крап и рибниците за пастрмка. Законот пред се го третира стопанскиот аспект на рибарството

кај нас, меѓутоа, г-динот Анастасовски изнесе многу еколошки елементи кои што се значајни при рибарството, меѓутоа, сакам да кажам дека еколошките аспекти во врска со загадувањето на водите, пред се, се предмет на Законот за водите кој што е повлечен, меѓутоа многу брзо ќе дојде на дневен ред. Така да таму е многу поактуелно овој момент на загадувањето во Законот за водите. Се разбира и овде и те како доаѓа предвид загадувањето бидејќи загадувањето пред се делува на живиот свет.

Оваа дилема што беше изнесена во врска со Охридското езеро за две подподрачја или само едно подрачје е се уште жива дилема и за нас, а е во голема врска и со ова што г-динот Петров го изнесе за Законот за концесии кој што е и денеска на дневен ред. Еве една од најпрактичните примени и потреби од таков закон. Закон за концесија. Ние во точката 16 и 21 во Нацрт законот го елаборираме прашањето за стопанисувањето и прашањето е се уште на ниво плаќање на надоместок. Меѓутоа, најверојатно кога ќе се дава на конкурс рибниот фонд во едно риболовно подрачје ќе се дава преку конкурс, преку концесија. Затоа може би е добро Охридско езеро да остане во две подподрачја, а не да се спои во едно. Инаку, од стручен аспект, од научен аспект апсолутно е јасно дека во едно би било потребно, меѓутоа тогаш еден концесионер ќе се јави, ќе плати најголема концесија, државата за тоа ќе биде заинтересирана и еден ќе остане покус. Така да треба сите овие дилеми да ги имаме предвид, ние ќе ги имаме при изготвување на конечната верзија на Предлогот на законот, а мислам дека и ова Собрание во оваа мисла треба да го има предвид, бидејќи тука можат да настанат големи проблеми меѓу Охрид и Струга.

V/8.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Прво, Собранието го усвојува Нацртот на законот за рибарство.

Второ, Собранието ја задолжува Владата да изготви и на Собранието му достави Предлог на закон за рибарство, при што да ги има предвид мислењата, ставовите и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието и од денешнава расправа.

Трето, овој заклучок заедно со извештаите на работните тела на Собранието на Република Македонија, како и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието, да се доставаат до Владата на Република Македонија и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (67 пратеници).

Кој е против? (нема)

Дали некој е воздржан? (никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот Заклучок.

VI/1 ДВ/НД

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Минуваме на **14-та точка** - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за системот на финансирање на општите општествени и заеднички потреби, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и ЗПК Ви се доставени односно поделени.

Комисијата за финансирање и буџет констатира дека нема потреба од донесување на овој закон од причините содржани во извештајот.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Комисијата за финансирање и буџет предложи овој закон да биде повлечен од страна на Владата бидејќи текстот не одговараше на податоците содржани во материјалот на моментот кој треба да се донесува и Владата во меѓувреме не извести дека Законот го повлекува од процедура. Меѓутоа, ние во меѓувреме добивме нов текст и затоа молам, бидејќи Комисијата за финансирање и буџет не го разгледала новиот текст на Законот да не ја одлагаме точката од дневен ред туку Комисијата во меѓувреме да се состане, да го разгледа новиот текст на Законот за задолжување на Република Македонија кај Народна банка на Република Македонија и во текот на седницата да биде разгледан.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Не се работи за законот за задолжување на Републиката кај Народна банка. Се работи за Законот за изменување на Законот за финансирање на општи и заеднички потрошувачка.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се извинувам, предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за системот на финансирање на општи општествени и заеднички потреби со Предлог на закон. Меѓутоа и по него има предлог на Комисијата. Заклучокот на Комисијата е дека нема потреба од донесување на овој закон.

Молам, дали некој бара збор?

Владата останува на предлогот.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на законот за дополнување на Законот за системот на финансирање на општите општествени и заеднички потреби.

Кој е за овој заклучок молам да крене рака? (58).

Има ли некој против? (4)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (4)

Дали некој се воздржува од гласање? (3)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

**ТОДОР ДИМОВ:**

Веднаш на почетокот да кажам дека сум против донесување на овој предлог на закон затоа што, ако можете сами да видите тоа се однесува само на еден член односно за град Скопје се предлага да се врши времено финансирање до крајот на 1992 година.

Доста сме информирани и преку средствата за јавно информирање дека Собранието на град Скопје не работи 18 месеци, не е свикано. Со еден ваков закон мислам дека ќе го легализираме незаконското работење на ова Собрание. Затоа ние на Комисијата за финансирање и буџет го отфрливме овој предлог на закон и заклучивме како највисоко законодавно тело во Републиката да се преземаат одговорности за нефункционирање на Собранието на град Скопје, а не со ваков предлог што го имаме на дневен ред да го легализираме работењето на Собранието на град Скопје, Затоа сум против носење на еден ваков закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на член 1 и член 2 со кој се согласил претставникот на Владата на Република Македонија и тие се составен дел на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 1 со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

По однос на залагањето на пратеникот од Неготино во име на повеќе пратеници од СДС барам објаснување од министерот за финансии, при чинот на гласањето да ми биде јасна состојбата со финансирањето на град Скопје, какви обврски преземаме, што распределуваме, за да може да се изјасниме.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Потребата да се измени законот за финансирање на општата и заедничка потрошувачка произлегува токму од таквата состојба со Собранието на градот Скопје. Таа состојба наметнува да се донесе ваков закон сега, на крајот на годината само со цел, бидејќи е се завршено, состојбата не е изменета. Кога собранијата на Републиката и општините од разни причини што финансиите не се мешаат не можат да донесат буџет, финансирањето се врши со времени одлуки до три месеци. Бидејќи цела година трае таа ситуација со Собранието на градот Скопје, а изворите на финансирање се утврдени, не се менуваат тие одредби со овој закон, само се пролонгира времето за една фактичка состојба, свршен чин добие легалност пред СОК, а што ќе биде во 1993 година, ќе одлучи овој Парламент. Овој закон е одамна тука пред Собранието, од август. Од неможност Владата да изнајде други решенија финансирањето мора да тече така како што е предвидено, а тоа се околу 35% од приходите изворни, на општините што се на подрачјето на град Скопје. Ова е само да може да се добие една легалност меѓутоа за изминатиот период. Ништо не се прејудицира за понатаму со овој закон.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Јас го поддржувам мислењето на пратеникот од Реформските сили што пред малку говореше од аспект на тоа што тоа не значи никакво покривање на било какво незаконско работење во Градското собрание. Тука го поддржувам и мислењето на министерот дека не смее во оваа парализа во градот Скопје што е направена да се создаде дополнителна парализа на функционирањето на системот. Инаку од претседателот на Градското собрание до последниот чиновник што е во Градското собрание секој ќе си одговара за сите незаконски работења доколку ги има во работењето на Градското собрание. Според тоа по мое мислење овој предлог што се предлага не значи никакво покривање на било какво незаконско работење туку само создавање услови таа парализа да не прерасне во една тотална блокада на функционирање на системот во град Скопје. Инаку сите други надлежни служби ќе си направат контрола и се што е потребно.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Очигледно дека стана пракса на работење на овој парламент за што сведочи и последниот настап на министерот Хајредини, ние пратениците овде да се доведуваме до една изнудена состојба, да бидеме приклештени уз ѕид и да мора нешто што е остварено да му дадеме легалитет. Јас предлагам да престанеме со оваа пракса. Тоа е пракса веќе две години, тоа е начинот на работење. Дали од Владата, дали од претседателот на Републиката, дали од претседателот на Собранието, тоа е една пракса што мислам дека во крајна линија и штети на демократијата во Македонија. Ве молам господа од Владата престанете веќе со овој начин на игра. Истото се случуваше и со ребалансот на буџетот истото е сега, исто беше и кога носевме одлука за да спроведеме референдум, кое референдумско

прашање, исто беше и кога се донесуваше Уставот. Тоа е веќе една пракса и од тие причини веќе намера да подлегнам на никаков притисок и ќе гласам против.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Нашата пратеничка група не е подготвена да го поддржи овој закон доколку не добиеме исцрпно објаснување од страна на министерот за финансии што значи односно какви последици има недонесувањето на овој закон во целина.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Јас реков предлогот за измена на Законот е во Собранието од 10 јули 1992 година. Владата нема со тоа ништо зошто е тој денес на дневен ред. Тогаш можело да се дискутира за сите овие прашања, иако јас мислам, кога се работи за финансирањето тоа е една работа, а кога се работи за сите други работи е друга работа. Ние не можеме по повод решавањето на ова формално - правно прашање да ги решиме и сите суштински прашања за што јас навистина не сакам да дискутирам ниту сум надлежен. Значи од 10 јули е тука тој закон. Тогаш сме можеле. Ние денес сме повикани како Влада и јас како претставник на Владата да одговарам на тоа прашање. Да сум бил тогаш повикан, после нормално време од неговото доставување пред Собранието, се друго би разговарале. Според тоа да сме начисто кога упатуваме критики. Никој и нема против критиките, овој Парламент е за тоа да ја критикува Владата и Владата да го има предвид тоа и да не ги повторува грешките. Овде не се работи за тоа.

Што ќе биде? Истото тоа што го дискутиравме при распра- вата за ребалансот за 1992 година, на 29 декември 1992 година, пред Нова година. Завршени се тие работи. Ние знаеме какви се состојбите таму. Ова е

предвидено со устав и со законот за финансирање дека кога доаѓаме во ваква ситуација вака се решаваат работите, се покриваат. Само ова се покрива, аспектот на финансирањето. За ништо друго овде не станува збор. Вели се менува став 4 бројат до крајот на 1992 и 1992 година завршила. Не ќе можеме, евентуално ако некој се надева со неизгласување било што, било какви импликации за тие луѓе, ако погрешиле тие според прописите нормално ќе одговараат. Меѓутоа, не со ова. Многу се очекува од ова. Нереални се очекувањата дека ќе има други којзнае импликации со ова. Ова се носи исто како и со ребалансот за 1992 година да се покрие една фактичка состојба која сега не може да се менува. Тоа што земале земале, без буџет, немале буџет имало времени одлуки, три месеци. Не можело понатаму со времени одлуки, мора да се менува законот, предложено е да се менува законот, на време е предложено. Што се сака? Каков друг одговор.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Предлогот што дојде од СДС и од едниот Поповски и од другиот Поповски некако ми е јасен. Но, од излагањето на господинот министер за финансии потполно не ми е јасен. Господине миснистре вие не одговоривте ако изгласаме да, дали ќе го продолжиме животот во Градското собрание, а ако изгласаме со не, дали Собранието на град Скопје до утре нема да работи. Вие не ми дадовте одговор на ова прашање што фактички беше и побарано од господинот Љупчо Поповски. Сега во една тотална заблуда сум дали парите се изедени и дали од утре може да работи Градското собрание или не може да работи во зависност од тоа ако изгласаме со да или не. Тука некако не ми е јасно. Многу зборувавте а не добивме одговор.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Само една исправка до министерот, да не ја доведува во заблуда јавноста. Тој рече 10 јули, а ние материјалите сме ги добиле на 6 август. Зошто тоа не е ставено на дневен ред, за ова ќе му се обратите на господинот Андов и на оваа така наречено претседателство, позади мене. Ние пратениците воопшто не сме виновни што ова не е ставено на дневен ред. Тие се тие што ги креираат дневните редови. Ние немаме никакво учество во креирањето и одлучувањето која точка ќе биде ставена на дневен ред.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Пановски, по деловникот тоа претседателство е легално и легитимно.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Господине Петковски многу добро знаете дека тоа ваше така-наречено претседателство е вон уставна категорија. Пролистете го малку уставот и ќе видете дека во Уставот никаде не се спомнува Претседателство. Тоа беше во стариот устав и во стариот деловник.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кога ќе го промениме деловникот ќе ги промениме и односите и називите.

Дали некој друг бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Јас во целост ги поддржувам објаснувањата што ги даде министерот за финансии, господинот Хајредини, бидејќи тие навистина се во функција во која што треба да дејствува и Владата на Република Македонија.

Не можам да уважувам излегување на говорница и да не се нуди решение. Во случајот Предлогот на Владата иде токму на тоа да се заокружи една календарска година на ниво на градот од познати причини што имаме одредена блокада во нејзиното работење и неможноста да се донесе буџетот. Оттука, само со овој закон, ако ги прочитаме причините, содржината, јасно е на секого дека се надминува една состојба која дава можност да продолжи градот со едно нормално функционирање во 1993 година. Со други зборови ние ќе гласаме за овој предлог што е даден од Владата и мислам дека не е лошо да бидете информирани дека очекуваме во наредниве денови да се изврши деблокада на работата на Собранието на град Скопје и градот да биде ставен во функција на остварување на правата на граѓаните.

VII/1.-НН/СМ

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа. Доколку сакаме да бидеме реални како пратеници навистина треба да оцениме и да процениме дали министерот овде ни кажа една добра вистина во врска со донесувањето на ребалансот на буџетот и сега по овој повод. Јас мислам како човек дека навистина е во потполно право она што го кажа, меѓутоа од таа негова изјава и се она што го пратиме во овој Парламент треба да изведеме еден заклучок - каде е нашата совест, каде е нашиот морал и одговорноста за поедини нешта што ни се случуваат во овој Парламент, а ние не сакаме да укажеме овде на господите за тоа и кој треба да сноси одговорност. Токму заради тоа во текот на овие две години ние касниме со многу закони, исто така и со системски закони и сеуште ја немаме заокружено државноста на Република Македонија. Значи, првиот меѓу еднаквите што ние сме го избрале овде, од овој Парламент да не застапува и тој има одредени права и обврски со Деловникот итн. одредени прашања или одлуки и закони што треба да се донесат треба да се стават во одредена процедура. И ние тоа, незнам дали намерно или ненамерно, дали од знаење или од незнање до сега го толерираме. Ние сме правите виновници овде што седиме во овие клупи. Во овој случај апсолутно не е виновен министерот. Јас го поддржувам мислењето на Томислав Стефковски и ќе гласаме за оваа одлука.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Молам, министерот да објасни какви се правните последици за недонесување на овој закон имајќи во предвид дека носиме закон кој има повратно дејство за 1992 година, а во членот 52 став 4 нагласено е дека законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство освен по исклучок во случај кога тоа е поповолно за граѓаните. Доколку продолжи финансирањето на функциите на градот Скопје на ваков начин лично

сметам, а тоа и во Комисијата го истакнавме дека не се создаваат поповолни услови и погодности за граѓаните пред се заради тоа што основните функции на одборниците во Градското Собрание не се остварени, а со Законот се определува покривање на еден период со кој се санкционира финансирањето, по мое лично убедување против законски затоа што во периодот на последните 6 месеци на 1992 година, бидејќи во тој период не постоел законски основ градот да ги финансира своите дејности и функцијата по основ на постојниот закон за системот на финансирањето на општите општествени и заеднички потреби. Затоа сметам дека е потребно и од законодавен правен аспект и надлежното работно тело, не навлегувајќи во тоа дека Собранието е доведено во една неповолна состојба со неажурноста на претседателот на Собранието, бидејќи Законот не е ставен на дневен ред во периодот од 6 август до крајот на 1992 година за да Собранието може компетентно да одлучи по поднесениот закон.

Повторно нагласувам се работи веќе за закон можеби не по вина на министерот за финансии, бидејќи не е предложен во рокот од тоа Министерство туку уште од времето на Владата| на претходниот преми- ер Никола Кљусев за да Комисијата каже пред Собранието какви се правните последици во однос на повратното дејство на донесувањето на Законот.

**ЏЕВДЕТ ХАРЕДИНИ:**

За правните последици од непочитувањето на законите има надлежни органи, судска власт и друга каде што ќе се утврди.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитувани пратеници, по, мислам дека изречените констатации дека Собранието на Република Македонија е виновно поради недонесувањето на овој закон не држат место од причина што донесувањето на овој закон се

имплицира оттаму што одреден орган не е во состојба да си ги регулира своите нормативи за финансирање на функцијата, на сите функции во составот на градското Собранието. Од тие причини проблемите лежат во Градското собрание, а не во Собранието на Република Македонија и самиот чин што може да се претпостави со оддолжувањето на донесувањето на овој закон практично иде во прилог на искажувањето зошто Собранието на Република Македонија да донесува ваков закон. Тоа значи дека тоа нешто било во функција некој да се принуди да се доведе во положба да си ја врши својата функција. Од тој аспект мислам дека прашањето на донесувањето на овој закон мора да биде посматрано од 2 аспекта.

Првиот аспект е аспектот на обезбедување на услови за финансирање на органите во составот на Градското собрание. Од тие причина нормална е и потребата и ние како пратеници да го донесеме овој закон со кој ќе обезбедиме финансирање на функциите независно од тоа што тоа не е донесено во регуларен рок, за кој зборуваше господинот Петров.

Доколку пак, донесувањето на овој закон значи на некој начин и поддржување на една таква состојба која што постои во Градското собрание тогаш тежината на донесувањето на овој закон има друго прашање. Во тој случај мислам како собрание треба да бараме од Владата што во конкретниот случај треба да биде преземено за да се нормализира работата во градското Собрание и тоа да биде доведено во функција да си ја врши својата функција. Од тие причини за мене постојат две решенија. Ако е во прашање потребата од донесување на овој закон за да се обезбеди нормално функционирање на финансирањето на органите на Градското собрание тој закон да го донесеме, но притоа да донесеме и соодветен заклучок кој ќе упатува на решавањето на присутниот проблем.

VII/4

Или втората солуција ако сметаме дека со донесувањето на овој закон ќе придонесеме за продолжувањето на една таква состојба тогаш подобро е со заклучок да го одложиме донесувањето на законот, а да го натераме градското собрание да се доведе во функција да си ги врши своите надлежности.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Само да ве потсетам во однос на роковите што беа спомнати околу процедурата на законот. При промената на составот на владата, претседателот на Собранието се обрати веднаш до Владата со молба Владата да се произнесе по законите кои ги повлекува од процедура а кои не ги повлекува од процедура.

Владата на Република Македонија го известува Собранието дека на седницата одржана на 24 септември 1992 година заклучи да го извести Собранието на Република Македонија дека не ги повлекува следните закони и акти од процедура, меѓу кои е и овој закон за кој што денес расправа. Тоа е со акт на Владата примено во Собранието на 25 септември. Значи овој закон во процедура во Собранието фактички е од 1 октомври. Според тоа, не станува збор за дека од јули е доставен дека претседателот на Собранието или Претседателството не го ставиле во процедура.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници мислам дека често вака ни се случува кога треба да донесеме некој закон, по Предлогот на Законот кога ќе дојде време да дискутираме за текстот на законот се навраќаме на општиот претрес. Во тој контекст и јас ќе ја продолжам дискусијата.

Овде беа искажани мислења како, што требало да направи ова Собрание итн. Јас мислам дека и се согласувам со некои дискутанти дека ова прашање треба да го разделиме на два дела.

Едниот е законскиот основ т.е. уставниот основ ева Собрание го има како законодавно тело односно како законодавна власт да донесува закони. Градското Собрание такво нешто нема. Проблемот е во финансирањето на градот Скопје, т.е. недонесувањето на Буџетот за 1992 година од познатите причини, блокада на Градското собрание, која морам да констатирам дека за жал ниту средствата за јавно информирање не успеа на граѓаните на град Скопје да им ја објаснат до крај како и на кој начин настана таа блокада. Меѓутоа, верувам дека конечно сега ќе се дојде до разврска на таа блокада и дека Собранието можеби за 5 - б дена ќе почне со работа. Ако не почне останува единствено да се распишат, кој како да се соберат тие одборници, да се само распуштат и да донесат одлука за предвремени избори за градски одборници.

За мене нема ништо спорно ова што старата влада го предлага негде од август месец затоа што градот Скопје има свои приходи што овој случај со недонесувањето на буџетот не можат да бидат распределени врз една законска основа. Со овој предлог на закон се менува само членот 28 од Законот за системот на финансирање на општите општествени и заеднички потреби, а ќе ве потсетам дека овој закон е донесен со измени и дополнувања, од ова Собрание 1991 година, како и 1992 година, Службен весник на Република Македонија.

Значи, ова Собрание треба да донесе, и јас го поддржувам овој предлог затоа што Градското Собрание мора да функционира и функциите на градот да се извршуваат согласно на своите приходи и расходи затоа што не е донесен Буџетот, се менува на крајот, по зборот "месеци", се додава "а на градот Скопје до крајот на 1992 година", затоа што од познатите причини оваа клаузула од 3 односно 6 месеци е пролонгирана само за градот Скопје од година дена. Мислам дека нема ништо спорно тук,

Ако ова Собрание сака некој да критикува зошто не работи Градското собрание, пред се, мислам дека за тоа треба самите партии да се замислат, што партиципираат и во ова Собрание, што партиципираат и во Градското собрание, на кој начин и како е извршена блокадата на тоа градско собрание. Јас ќе ве запрашам овде како пратеник што ќе се случеше овде ако две пратенички групи, партиите ПДП и ВМРО една година не доаѓаат во ова собрание. Ќе бидат обвинети од истите средства за јавно информирање дека го блокираат овој Парламент. Сигурен сум, и така се случуваше при едно наше напуштање и два - три пати на пратеничката група на ПДП-НДП. Ние бевме обвинети, ние бевме виновници што така го напуштаме Собранието. Меѓутоа за градското собрание средствата за јавно информирање имаат двојни аршини, што на некој начин на граѓаните на град Скопје не им е објаснето зошто дојде до блокадата на Градското собрание.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Дали Градското собрание требало да функционира не е работа на ова Собрание да оценува. Се разбира дека требало да функционира, но овде се бара да се покрие функционирањето на трошоците во градското собрание, а не на некакви активности. Ваков преседант јас лично не сум да се прифати и да се покрива нешто кое не е во согласност со Законот и со Уставот. Ние овде го менуваме Законот за системот за финансирањето на општите општествени и заеднички потреби само за да се санкционира она што е потрошено во градското собрание во Скопје и ништо повеќе. Го прашувам ова собрание дали по 3 или 6 месеци повторно нема да добиеме некаков закон со кои и наредните 6 месеци, таканаречено, маткање во Собранието на градот Скопје ќе треба да се покрие финансиски. Кој е тој што ќе го финансира тоа Собрание кое не е во состојба ниту една одлука да донесе за потребите на градот. Туку сега бара едноставно да се покријат

финансиските трошоци односно потрошените средства. Сметам дека не треба да се прифати и дека е исправен ставот на Комисијата за финансирање и буџет овој закон да не се донесе на денешната седница.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Јас мора да напоменам, меѓутоа очигледно поедини пратеници во ова Собрание имаат двојни аршини. Да се потсетиме, кога се носеше ребалансот на Буџетот овде од петни жили поедини господа не убедуваа дека треба да се донесе ребалансот на буџетот, знаеме од кои причини, и ние на некој начин се согласивме со тоа образложение. Меѓутоа, сега ме чуди зошто овде се кажува да се покријат трошоците? Тоа градско собрание и Градот Скопје си имаат свои приходи. Се работи некаде од вкупно остварен приход, што според овој закон се остварува во Скопје 38,5% се однесуваат на Собранието на Градот. Значи, не се работи за тоа да му се покријат трошоците, направило трошоци мимо законот итн. Градот Скопје си има свои приходи, се работи како за ребалансот на Буџетот да се донесе решение за времено финансирање
меѓутоа во рок за цела 1992 година, како што е барано уште во август месец. Мислам дека нема потреба понатаму да дискутираме и предлагам да се гласа за овој закон.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Точно е тоа дека градското собрание има свои приходи, но тие средства се распоредуваат односно се трошат врз основа на донесен буџет од тоа собрание, одлуки на Собранието, а не желби на поединци. Во тоа е разликата што практично Собранието како орган не функционира, се трошат средства од поединци и сега се бара да се покрие тоа и ништо повеќе.

**БЕКИР ЖУТА:**

Прво, ми се чини дека не треба никакви изедначувања да се правата меѓу ребалансот и одлуката за времено финансирање. Пред вас се наоѓа текстот на законот со кој од причини што Собранието не донесе буџет за 1992 година за да ги билансира и приходите и расходите свои, како и да ја утврди намената на трошењето на својот приходбен дел за одредени намени нејзината работа се одвиваше преку одлуки за времено финансирање. Тој временски простор беше заклучно со јуни 1992 година, затоа што толкав беше бројот во законот, да може еднаш односно два пати со одлуки и не само за градот, туку воопшто за собранијата на општините и собранијата на републиките да можат со одлуки за времено финансирање. Се случи тоа што се случува во градот. Овие измени немаат ниту цел да ги откриваат причините зошто дојде до тоа ниту пак предлагаат решение за тоа,туку предлагаат можност со одлука за времено финансирање како исклучок за градот Скопје за цела 1992 година да се утврдуваат приходите и расходите и во тие рамки да се прецизираат намените на средствата. Во ситуација кога цела една година не е донесен буџетот за билансирање на приходите и билансирање на расходите односно утврдување на намените во расходниот дел.

Одбивањето на законот има последици, затоа што Собранието и од корен да се менува не е во состојба да донесе буџет за 1992 година.

**БЕЌИР ЖУТА:** (продолжение)

Но, некој живот нормален или ненормален течеше во градот со сите последици што ги носеше тој и тие треба да се вклопат во некоја рамка, а тоа е одлуката за времено финансирање за да сепак тече животот низеден одреден колосек. Дали има одредени злоупотреби, од чија страна се тие злоупотреби и слично овој закон воопшто не се впушта во тоа, ниту му е таа намерата, да го утврдува, тоа се други работи кои на друг начин, доколку ги има и во мерка во која ги има треба да се докажат, па да некој одговара за тоа. Меѓутоа, животот во едно општествено - политичка заедница мора макар да се уоквири со времена одлука што не е природно за целата 1992 година да оди така, но од познати причини тоа се предлага точка.

Ве молам имајте го тоа во предвид таа не се предлага после нова година, во влезот на 1993 година, таа е предложена во еден контекст тогаш кога можеше и требаше да биде предмет на расправа во Собранието, а од познати причини таа ги добива токовите така како што ги добива, па денеска Собранието се среќава за тој текст на закон да расправа. Но, ве молам уште еднаш имајте предвид ние кога повторно се определивме дека овој текст на закон треба да остане во процедура во Собранието на Република Македонија ги имавме предвид последиците што можат да настанат и сето тоа да се санкционира со една одлука за времено финансирање на градот во 1992 година затоа што веќе не е реално да се инсистира само со редовен инструмент со буџетот на градот да може да се уредува финансирањето на општата потрошувачка на ниво на град.

И, од тие причини сметаме дека тој треба да се донесе, а нема никакви други намери освен да создаде рамка за да се утврдат макар некои биланси на таа буџетска потрошувачка во 1992 г.

VIII/2

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас, господо и дами пратеници, нема да го потцртувам цинизмот кој е искажан од оваа говорница овде, во однос на овој закон. Ние се наоѓаме во ситуација да нечие неработење сега го инволвираме и овој Парламент овде овие 120 пратеници и целосно заиграме во тоа оро што се игра негде 2 години овде во Собранието на градот Скопје. Јас не можам да прифатам да бидам како пратеник инволвиран во ваквата ситуација и на ваков начин на кој што се предлага со овој закон да ставиме круна на покривањето на финансиското работење на градското собрание за 1992 година всушност за второто полугодие за шесте месеци, затоа што за првото полугодие до шесте месеци беше покриено со времена одлука, но отсуството на носење на буџет  на градот Скопје за 1992 година исто така ја доведоа во прашање и распределбата на средствата за првите шест месеци од 1992 година затоа што таа одлука за времено финансирање која нужно претполагаше дека ќе биде санкционирање со носење на градскиот буџет во тековната година. За жал и тоа не се случи.

Ние сакале да бегаме од таа ситуација, да премолчиме или да аминуваме на некој начин ќе бидеме инволвирани во вкупните состојби кои што се случуваат во градското Собрание. Ние, оние што не сме од Скопје, што не потпаѓаме под јурисдикцијата на локалната самоуправа на градот Скопје, што сме од други општини, на некој начин тоа неработење го почувствувавме во овој период како пратеници, седиште на македонскиот Парламент овде, во оваа Република, на начин што често за да дојдеме до Собранието во тековнава година вешто ги избегнувавме купиштата ѓубре и канти па доцневме на собрание, не можевме да го пронајдеме Собранието

на начин што добар дел од градското раководство активно учествуваше во притисоците на работа на овој Парламент, што лично јас и како пратеник го почувствував во тој период наместо да ги решаваат проблемите тие организираат митингашки (некои од пратениците реагираат) да, митингашки зборувам затоа што законот нужно е поврзан со овие настани господине Арсов. Да, да. Затоа што одреден број на пратеници што седат во овие клупи и што сега дофрлаат активно кумуваа на тие состојби и сега доаѓам во ситуација како пратеник да бидам инволвиран тие активности да ги покријам со закон во име на Република Македонија. Јас тоа не можам да го направам ниту во оваа ниту во друга ситуација. Нека го направат тоа тие што имаат совест тоа да го направат. Но, сакам да предупредам на неколку моменти:

Прво, ако се донесе овој закон се прави преседан во Република Македонија што ќе рече дека и добар дел на други општини кај кои постојат неразрешени проблеми имавме можност да чуеме периодично од случај до случај во изминатиот период да постапат на сличен начин во тековниот период да не донесат буџет за наредната година и ова Собрание по преседанот што ќе го направи денес со изгласување на овој закон да се повика на тој преседан и да носи повторно некој закон за покривање на трошоците на двајца тројца моќници на пример што ќе ги направат ете да кажеме во општината Демир Хисар или во општината Охрид, или Битола или Радовиш или некаде. Мислам и од тој аспект е недопустливо, а принципот на тоа дека времено се финансира уназад едно собрание со кои средства располагале само еден до два личности, ве молам во која држава ние живееме? Ако може на таков начин да функционираат системите, тогаш зошто ова собрание овде раправаше толку време за буџетот, толку време

за ребалансот, толку време подготовки се вршеа, толку време се бараат одлуки, распределби и проценки средства, служби итн. кога може тоа да го направи едноставно претседателот на Собранието и да ни подели на сите за нова година буџетски корисници одредени средства према негово наоѓање, а на крајот на годината да донесе претседателот на Републиката уредба со која тоа ќе го санкционира. Простете, каков начин на работење и оние колеги кои се повикуваат од оваа говорница без разлика на припадноста на тоа дека некоја партија ќе биде засегната или т.н. треба да се размисли принципиелно дали овој македонски Парламент треба да биде инволвиран во една таква ситуација и состојба и што ќе остане тогаш македонскиот парламент во таа ситуација за кој толку се залагаме и поединечно и колективно да го сочуваме дигнитетот негов.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Почитувани пратеници, мене се повеќе ми е јасно или нејасно ова дека во Македонија друго значи да бидеш партиец, а друго да бидеш граѓанин. Еве уште една можност и докажавме дека навистина одиме до крај да ги браниме партиските интереси и други ако се работи за функции итн., а во овој случај исто се случува и со градско собрание. Јас мислам дека ако се пренесе таа атмосфера односно таа ситуација која е во градското собрание и во Републичкото собрание тогаш како што наговестија некои може да се деблокира работата на градското собрание, а да се донесе во Републичкото собрание. Зошто го велам ова? Затоа што понекогаш ние забораваме што всушност бараме и за што се залагаме. Многу ми е интересно денеска кога од опозицијата се поддржува излагањето на министерот. Навистина ова е индикативно. Меѓутоа, многу лесно е да се сфати дека се работи за интереси кои се присутни во

Градското собрание. Кога веќе во Градското собрание не најдовме начин, а знаете зошто имаше криза во Градското собрание, затоа што тие одборници во Градското собрание, јас им се извинувам сега но тие беа како марионети на пратеници или на водачи на партии. Затоа, понекогаш, не понекогаш но секогаш и не беа во самото Градско собрание, односно не функционираше. Таа криза е затоа што поделбата на функциите, кризата беше поради тоа што немаше поделба на функции како што беа застапени партиите во градското собрание. И, оттогаш се јави таа криза барем ние што учествувавме во тие разговори, а некои веќе и тука настапуваме знаевме од почетокот дека во Градското собрание ќе се појави таа криза, значи да не функционира Градското собрание. Во почетокот победничката партија категорички се изјасни и рече дека таму нема да има никаква функција за другите партии затоа што е победничка партијата ВМРО-ДПМНЕ. Меѓутоа, во меѓувреме, во Градското собрание веќе немаше апсолутно мнозинство ВМРО-ДПМНЕ, така што таа криза веќе дојде до тоа што мораше ВМРО-ДПМНЕ да се повлече од тој цврст став дека нема да има функции и за другите одборници партиски застапени и затоа дојде до една ваква криза. Сега, што се случува уште една неприродна коалиција Да речеме, ако компарираме. Коалицијата што е во Републичката влада и една коалиција таму што се создава навистина дали тоа се случува во некоја земја една ваква коалиција. Таму сега имаме една коалиција со ВМРО-ДПМНЕ, а во Владата што сака, односно што ќе донесе одлука предлага одлука за финансирање имаме сосема една друга коалиција. (Реакција на некои пратеници).

VIII/6

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, молам, без дофрлување.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Јас мислам дека исто така таму мора нешто да се промени во поделбата на функциите затоа што иако наговестуваат некои дека ќе функционира тоа Собрание јас ви велам дека тешко е да функционира затоа што веќе кризата пак во врска со поделбата на функциите и оваа коалиција која беше претставена така пред средствата за јавно информирање веле е во криза пред да ја одржи првата седница. Законот за мене како е, предложен, веројатно. Владата Затоа, мислам дека ние мораме да најдеме начин дури си велам понекогаш и да де условува финансирањето на градското собрание се додека таму не се најде решение каде што ќе бидат задоволни односно застапени во тие функции градски сите партии како што учествуваат.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Законот за мене како е преложен, веројатно Владата водела сметка од интерес на животот на Град Скопје. Меѓутоа, моето појавување овде на оваа говорница: ме доведе поради некоја појазност од одреден број на пртеници особено од колегата Наќе Стојановски дека се плаши од некаков преседант за примена на закон.

Јас само ќе го вратам за неколку дена назад во минатата година кога тој господин Наќе Стојановски гласаше на слоган, законот неуставен, промените на законот се законити.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ**

Тоа што оваа говорница служи и за далаверџиски работи е друга тема. (смеа на дел од пратениците во салата), во  интерес на вистината, дали е нешто устарно или против уставно кажува Уставниот суд. Тоа на колегите особено треба да им е јасно и 100 пати '

сме го кажувале и мислам дека сепак и на таков начин се брани дигнитетот на македонскиот Парламент.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа, искуството на животот знаете што ми даде. Ако човек нема снага со некој да се однесува културно и достоинствено ќе се обрати да го навредува. Ќе избере начин да го некој навреди. Дали господинот Наќе Стојаноски сметајикопп дека ако речеше овдека далаверциски работи ќе го кажеше моето семејно име Даравелски, Стојановски Томислав му благодарам. Не ме навреди.

**КИРО ПОПОВСКИ.:**

Почитувани пратеници,/повеќе се јавив да ја прекинам оваа дискусија, да ви предложам бидејќи се работи за сериозна проблематика. Се работи скоро за половина жители на Македонија, и дај малку од тие меѓупартиски страсти да ги симнеме на земја и реално да ја процениме ситуацијата. Прво и основно што се поставува бидејќи тоа во дискусијата беше покренато..дали ова е незаконски. Не е точно дека е незаконски. Законодавно - правната комисија даде виза на донесувањето на овој закон. Владата исто така од уставен аспект го проценила предлогот кога го дава законот.

Второ, а,ко сме сакале сериозно да разговараме, законот на време е доставен бидејќи навременото финансирање за шесте месеци во јуни истекувале, во јули е поднесен овој предлог на закон.

IX/1/JM/лј

**КИРО ПОПОВСКИ**: (Продолжение)

Никој ќе можел да претпостави дека ќе има промена на Влада, дека ќе има потреба од преиспитување на сите закони кои се донесени и затоа е пролонгирано. разгледувањето на овој закон. Сигурно и во јуни кога би расправале во иста ситуација би се нашле бидејќи ние сега не можејќи да расправаме за ова сакаме да ги разголиме причините зошто Градското Собрание не работи. И на последниот граѓанин на Скопје му е јасно зошто Градското собрание не може да функционира. Според тоа, немојте овде да ги даваме тие политички оценки. Очигледно присутна е уставна празнина. Во вакви ситуации нема друг начин, туку тоа собрание само да се распушти. Според тоа и во јуш да расправавме веројатно единствена можност што би можеле да ја искоржиме за да извршиме притисок тоа Градско Собрание да се конституира и да почне да работи овој закон да го одложиме за месец дена и доколку за месец дена тоа Градско собраниа ќе се конституира, тогаш да го прекинеме финансирањето на Градското Собрание и да ги принудиме на нови избори. А кого да принудиме? Треба да се принудиме самите ние овде што сме во парламентот, бидејќи не можеме да се договориме како градското собрание да функционира. Одговорноста очигледно ја носат оние кои имаат најповеќе одборници во Градското Собрание и кои што не можат да постигнат договор ка кој начин да функционира. Според тоа, мислам дека едно е работата ка Градското Собрание, работата на одборничките групи во Градското Собран^е, однесувањето на партиите таму и секој ќе си добие соодветна оценка и од граѓаните и од сите други партии кои не покажале односно грижа граѓаните кои што ги бирале на такви одговорни функции во Градското Собрание и што овој град од снабдувањето па се до овој последниот снег е тотално парализиран, не изгледа на никаква метропнка на селски атар не изгледа, а камоли на главен град на една држава.

IX/2.-

Мислам дека мораме ние тука да преземеме мерки што ќе значи ако ние не го донесеме овој закон. Ова Градско собрание и натаму ако не се постигне договор меѓу партиите и натаму ќе предложи да функционира. Нема да може да се распушти. Тоа и натаму ќе си функционира, службите ќе откажат тотално што вршат сервис во градот, а градското Собрание и натаму проформа ќе егзистира. И повторно не можат да се откријат сите злоупотреби и материјални оптужби кои што од одделни одборнички групи се пренесуваат и сите наоди кои што СОК ги утврди за работењето во одделни служби во Градското собрание итн. Ако сме свесни дека не сакаме ние да влеземе да покриеме нешто тогаш одбивањето на овој закон ќе биде преземаше на наша одговорност за тотална парализација на Градското Собрание и на сите служби во градот, бидејќи Градското Собрание и натаму ќе продолжи да си егзистира како состав, нема да за- седава, ќе егзистира, службите комплетно ќе откажат бидејќи нема да примаат личен доход, никакви материјални трошоци нема да се покриваат и од утре ќе почне и она чистење во Скопје сега што е нема да функционира. Според тоа, мислам дека одговорноста е голема, а инаку сите надлежни инспекции и служби треба да си ја утврдат фактичката состојба таму на работењето на сите служби, одговорноста на секој поединец, од обичен службеник, до претседател на Собрание. Но, мислам дека ова е крајно одговорно сите партии да седнат во тоа градско собрание кои што имат соодветно влијание да се договорат на кој начин тоа Градско собрание успешно да функционира, или да се договорат под итно да се распишат нови избори како што беше предложено за избор на нов состав на Градското собрание. Трето решение во рамки на оваа уставна празнина која што постои ка тој план не гледам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

IX/3.-

**ФАИК АБДИ:**

Јас оценувам дека за исти работи што се случуваат во Република Македонија по општини, или во градот Скопје имаме различни аршини, со други очи гледаме некаде, а со други очи некаде на друго место. Во својство на претседател на партија учествував во креирањето на таа кадровска политика во Собранието на градот Скопје, веднаш по изборите. Беше кажано дека нема алтернатива. Таа партија и таа ќе биде со 36 одборници. Јас реков, ако еден ни се разболе, знаете што ќе стане? Јас сум граѓанин на град Скопје. Ние граѓаните на градот Скопје страдаме од таквата политика. Ако ние порано се смеевме на некој си систем комунисти, социјалисти, што јас знам што беа, па сега е уште полошо. Јас лично немам ништо против сегашното раководство на Собранието на градот Скопје, господата таму што се одржуваме контакти и прилично добри работи завршуваме. Меѓутоа, градот Скопје е од аспект на таа управа во распад. Јас незнам што се случило во Тетово и во Гостивар. Мислам дека и таму имаше некои кризи, па мислам дека власта, а тоа е Владата притекна во помош. Не ми е јасно најискрено ви кажувам. Ајде да пробаме да направиме такво нешто да направиме во Тетово и Гостивар и ќе се решат прашањата. Толку ли сме дебелокожци и не можеме да разбереме две години што се случува во Скопје, толку ли не ни работи клиќерот. Ни работи клиќерот на сите. Некој друг интерес ли имаме? Или сакаме лека полека отмено да се пропаѓа, да речам во Скопје, или немаме очи да гледаме што се случува. Сите имаме очи. Ајде ист аршин да употребиме. Мислам дека Владата треба да има најголема одговорност за ова.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не б ара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (32 пратеници)

Кој е против? (22)

Дали некој се воздржуваа од гласање? (10)

Констатирам дека Собранието не го донесе Законот за дополнување на Законот за системот на финансирање на општите општествени и заеднички потреби.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Барам поддршка од 10 пратеници бидејќи се сомневам во гласањето, ако може поединечно да се гласа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи има поддршка од 10 пратеници молам, да се помине на поединечно гласање.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

(го чита списокот на пратениците)

(прилог)

# С П И С О К

## на пратениците во Собранието на Република Македонија според азбучен ред на презимињата

1. ФАИК АБДИ (воздржан)
2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА (воздржан)
3. ХАМИД АЛИУ (против)
4. ЕШРЕФ АЛИЈУ (против)
5. СТОЈАН АНДОВ (не е тука)
6. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ(не е тука)
7. МИТКО АНАСТАСОВСКИ (за)
8. ТИМЕ АНДОНОВ (не е тука)
9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ за)
10. ДУШКО АРСОВСКИ (против)
11. ДРАГИ АР.СОВ (з а)
12. БРАНКО АРС.ОВСКИ (не е тука)
13. ЛАМБЕ АРНАУДОВ (за)
14. ЈОРДАН БОШКОВ (не е тука)
15. ГОРГИ БОЈКОВСКИ (против)
16. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ (Не е тука)
17. ПЕТАР ГОШЕВ (не е тука)
18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ (Не е тука)
19. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ (За)
20. САНДЕ ДАВЧЕВ (за)
21. ДИМИТАР ДИМИТР.ОВСКИ (не е тука)
22. ТОДОР ДИМОВ (против)
23. ДОСТА ДИМОВСКА (за)
24. РАТКА ДИМИТРОВА (не е тука)
25. ПЕТАР ГОРГИЕВ(за)
26. БОРКО ГОРГЕСКИ (за)
27. ДУШКО ГОРГЕСКИ (не е тука)
28. ЗУДИ ЕМИНИ (против)
29. ЈОРДАН ЗАФИРОВ (воздржан
30. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ (за)
31. НАСЕР ЗИБЕРИ (не е тука)
32. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ (не е тука)

33. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ (не е тука)
34. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ (за)
35. СИМЕОН ИВАНОВСКИ (против)
36. ЉУБОСАВ ИВАНОВ (воздржан)
37. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ (за)
38. ИВАН ИВАНОВ (за)
39. ЉУПЧО ЈАКИМОСКИ (не е тука)
40. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ(за)
41. РИСТО ЈОВАНОВ(против)
42. ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА (за)
43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ (против)
44. ТАШКО КИРОВ (за)
45. ЗОРАН КИТЕВ (за)
46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ (за)
47. ГОРГИ КОТЕВСКИ (за)
48. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ (против)
49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ (не е тука)
50. НИКОЛА КРСТЕСКИ(не е тука)
51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА(за)
52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ (за)
53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ(за)
54. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ (не е тука)
55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ (за)
56. ЕФТИМ МАНЕВ (за)
57. СТРАШО МИЛКОВСКИ (против)
58. ПАНЧО МИНОВ (за)
59. МАРИН МИЛЕНКОСКИ (против)
60. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ (воздржан)
61. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ (за)
62. ВАНЧО МЛАДЕНОВ (против)
63. ЏЕЛАДИН МУРАТИ (воздржан)
64. АВДИ МУРТЕЗАНИ (воздржан)
65. НАИФ МУСТАФА (против)
66. СИМОН НАУМ0ВСКИ -(<не е' тука)
67. ПАНЧЕ НАСЕВ (за)
68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ (За)
69. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ (За)

70. ДУШАН НИК0Л0ВСКИ (не е тука)
71. ____________________ (против)
72. ТОДОСИЈА ПАУНОВ (за)
73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ (против)
74. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ (не е тука)
75. ТИТО ПЕТКОВСКИ (воздржан)
76. ТОДОР ПЕТРОВ (за)
77. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ (против)
78. ДИМИТАР ПОПОВСКИ (за)
79. КИРО ПОПОВСКИ (за)
80. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ (против)
81. ШАБАН ПРЕВАЛА (не е тука)
82. ИСМЕТ РАМАДАНИ(против )
83. БОЖО РАЈЧЕВСКИ (против)
84. ИВАН РАМБАБОВ(против)
85. НЕИМ СЕЛМАНИ (против)
86. ФЕРИД САДИКУ (против)
87. НАУМ СИМЈАНОВСКИ (не е тука)
88. АЦО СПИРОСКИ(не е тука)
89. РИСТО СТАНКОВСКИ (против)
90. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ(против)
91. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА(не е тука)
92. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ (воздржан)
93. СТОИЛЕ СТОЈКОВ (за)
94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ (за)
95. РИСТО СТАМЕНОВ (не е тука)
96. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ (за)
97. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ (воздржан)
98. ЏЕЛИЛ ТАИРИ (воздржан)
99. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ (за)
100. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ (не е тука)
101. БЛАГОЈ ТОШЕВ (за)
102. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ (не е тука)
103. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ (не е тука)
104. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ (за)
105. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ (за)

106. АГИМ ФАЗЛИУ (не е тука)
107. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ (за)
108. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ (не е тука)
109. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ (не е тука)
110. СЕФЕДИН ХАРУНИ (воздржан)
111. МУХАМЕТ ХАЛИЛИ(против)
112. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ (не е тука)
113. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ (не е тука)
114. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ (против)
115. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ ( против)
116. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ (не е тука)
117. ХИСНИ ШАКИРИ (воздржан)
118. Љупчо Георгиевски (за)
119. Никола Поповски (против)
120. Шукри Рахими (против)

IX/5.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ.**

Од вкупно 83 пратеници што гласале 43 се за, 28 против и 12 воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на Законот за системот на финансирање на општите општествени и заеднички потреби.

Седницата прекина во 14,30 часот

(Пауза до 15,30 часот)

По паузата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Да продолжиме со работа.

Минуваме на **точката 15** - Предлог за донесување на закон за изменување на законот за здружениот труд со Предлог на закон.

предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот, извештаите на Комисијата за стопанство и Законодавно правната комисија и Мислењето на Владата Ви се доставени односно по- делени.

Отворам претрес по предлог за донесување на законот.

Молам кој бара збор?

За збор се јави пратеникот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНВОСКИ:**

Јас се јавив за збор во името на предлагачите, а предлагачи сме јас и господинот Томислав Стојановски и сакам да го кажам следното. Според член 268, став 1 од Законот за здружен труд, кој согласно член 5 од Уставниот закон за спроведување на уставот на Република Македонија е превземен како Републички закон е утврдено дека ако недвижноста станала сопственост без правен основ нејзиното враќање може да се бара во рок од 5 години, почнувајќи од денот на дознавањето, а најдоцна во рок од 10 години. Според ставот 2 на овој член ако подвижен предмет стане општествено средство без правен основ, неговото враќање може да се бара во рок од 3 години, почнувајќи о денот на дознавањето, а најдоцна во рок од 5 години.

X/2

Истовремено со донесувањето на Уставот на Република Македонија се изгради нов однос кон заштитата на правото на сопственост. Почитувајќи го уставното начело за гарантирање на правото на сопственост односно дека никому не може да му биде одземена или ограничена сопственоста и правата кои произлегуваат од неа има потреба од усогласување на законот за здружен труд со Уставот на Република Македонија. Законот чие донесување се предлага се заснова врз следните начела, гарантирање на правото на сопственост и заштита на граѓаните во остварување на стекнување на правото на сопственост. Со денот на влегување во сила на Законот за претпријатијата престана да важи Законот за здружен труд, освен одредбите на глава 4, меѓусебни работни односи на работниците во здружениот труд и на глава 6 одел 2, права, обврски и одговорности на општествените правни лица во правниот промет на општествените средства до донесување на посебни сојуз ни прописи со кои ќе бидат уредени овие прашања.

Исто така , со денот на влегувањето во сила на Законот за основните права на работни односи престана да важат одредбите од глава 4, глава 5 на дел од вториот закон за здружен труд.

Со одредбите на законот за здружен труд што не престанаа со влегување во сила на Законот за претпријатија и законот за основните права од работни односи спаѓа и член 268. Според овој член враќање на недвижноста кој е стана општествено средство без правен основ може да се бара во рок од 5 години, почнувајќи од денот на дознавањето, а најдоцна во рок од 10 години. Ако пак подвижен предмет стане општествено средство без правен основ неговото враќање може да се бара во рок од 3 години, почнувајќи од денот на дознавање најдоцна во рок од 5 години. Според наши сознанија до денес, всушност и до денес кога расправавме, не се донесени посебни прописи со кои ќе се уредат прашањата од глава 4 и

глава б,одел 2 од Законот за здружен труд. Исто така, и оценката на голем број граѓани заради пропуштање на рокот од член 268 од Законот за здружен труд изложен погоре не можат да бараат враќање на недвижност и подвижен предмет што станале општествено средство, и ако без правен основ им е од- земена недвижноста односно подвижниот имот.

Тргнувајќи од изнесеното, целта на донесување на законот е да се создаде можност на овие граѓани на кои им е одземен имотот без правен основ во судска постапка да ги остварат своите права на враќање на одземениот имот.

Со членот 1 од предложениот закон се предлага бришење на членот 268 од ЗЗТ, кој според наша оценка не е во согласност со Уставот на Република Македонија. Имено, со донесување на Уставот на Република Македонија се изгради нов однос и се гарантира правото на сопственост. Според членот 30, став 3 од Уставот никому не може да му биде одземена или ограничена сопственоста или правата кои произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес утврден со закон, адекватно со тоа и пазарна надокнада.

Од тие причини ние го предложивме овој предлог пред ова Собрание и морам да кажам дека предлогот е даден во процедура уште на 22 јуни 1992 година. Владата, односно стариот состав на Владата изгради мислење по овој предлога на закон и го достави на Собранието на Република Македонија на 26 август 1992 година. Еве на дневен ред доаѓа во јануари 1993 година, со кое мислење Владата исто така се согласува со причините, но меѓутоа истакнува дека има потреба од целосно уредување на ваквата ситуација, со оглед на фактот и други прашања што се уредени во ЗЗТ со кои се уредуваат, правата обврските и одговорностите на општествените

правни лица од правниот промет на општествените средства, ќе треба да се уредат на поинаков начин согласно новите уставни решенија за гаранција на еднаквоста на сите видови сопственост и неможноста за нивно одземање или ограничување, освен ако е тоа во јавен интерес утврден со закон.

Оттука, Владата смета дека предложениот закон би требало да се смета како иницијатива за уредување на овие прашања. Но, со оглед на тоа што ова е мислење на Владата од 28.о8.1992 година која до денес адекватно не најде засводно да интервенира во тој дел на прописите кои се однесуваат на оваа област, сметаме дека ова Собрание треба да го усвои овој закон по итна постапка со тоа што да им овозможи на граѓаните кои во минатиот период го изгубиле правото на сопственост на недвижности и подвижни предмети, со оглед на императивнсота на роковите кои се во членот 268 од Законот за здружен труд да го усвои ова Собрание и да им овозможи на таквите граѓани кои се не мал број, кој се обратија до Законодавно правната комисија да можат тие права да ги остварат во законска постапка, во судска постапка пред судовите. Сметам дека ова Собрание ќе ги цени причините од кои се предлага овој закон и ќе овозможи со донесување на овој закон да се изгласа и такво решение во овој парламент.

Обврска на Владата беше и според Уставниот закон да до 20 ноември овие прописи да ги усогласи. Тоа не се случи од познатите причини повеќе пати елаборирани и сметам дека тоа е додатен аргумент што треба да се даде поддршка на овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Господин Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНВОСКИ:**

Дами и господа, на овој закон покрај Наќе Стојановски и јас сум предлагач од изнесените причини од него остануваат во начело, јас се согласувам, меѓутоа, сакам да укажам на една друга работа. Во правото основа за стекнување на сопственост или друго право е и така наречено окупација. Овде со член 268 од споменатиот закон на здружен труд се говори дека напуштена имовина или погрешно по било која основа дошло да се заведе како општествена имовина ако во рок од 5 години сопственикот, па го нарекуваат и поранешен сопственик, не се јави, станува општествена имовина. Тоа е еден лекс- специјалист на заземање на туѓа имовина, на нерамноправност помеѓу правните субјекти односно граѓаните за стекнување на право на сопственост по основ на окупација. Тоа би изгледало вака, ако некој заземе туѓа имовина и ако не беше држава, тогаш ќе му треба најмалку 20 години да има легалниот во држењето, а тоа е да плаќа данок, да се јави како сопственик и да се донесува како сопственик. Овде државата не се однесувала ко сопственик, меѓутоа, кога беа оние авио снимки и воведување на пописниот катастар, поради погрешни уписи по двете основи на пописните комисии, односно комисиите за идентификација по авио снимањето е направено да ен го знаат правиот сопственик, се запишува како општествена имовина. Никој за тоа правиот сопственик не го известил. Ако се работи аз земјиште, човек кој имал 10 хектари земја му е одземено половина хектар. Тој фактички си го држи тој имот. Плаќа за него се, мисли, меѓутоа, фактички тој не плаќа данок за таа имовина, затоа што погрешно во катастарот е запишана на државата. А тој е во заблуда дека плаќа затоа што има уште друго девет ипол хектари за кој дефакто плаќа и смета дека плаќа и за тоа земјиште. Тој си го користи и станува сопственик. Кога настанува моментот на заблудата во правото. Ако

тој сопственик одлучи тоа земјиште или таа зграда да ја отуѓи. тогаш се јавуваше општината, да, вели ова е заведено во канастерот како општествена имовина и поминало повеќе од 5 години и по таа основа овој закон 268 е општествена сопственост. Значи, една неправна окупација. И за да би се задоволиле одредбите на Уставот кога се признаваат сите сопствености ваква одредба е ругобна во правниот систем. За да би се таа ругоба напуштила и за да се престане со она не право присвојвуање на туѓа имовина, ќе треба оваа одредба да се избрише односно да престане да важи. Затоа, ова со колегата Стојановски е наш предлог ова Собрание да го прифати законот и ќе се исправи една неправда која досега била на штета само на граѓаните. Не можело ако биде една општествена организација и друга , па да настане погрешен упис, тогаш се почитуваше терминот "погрешен упис", а ако е граѓанин држава , тогаш вели станува општествена сопственост од тие причини јас ве молам колеги оваа неправда од близу 20 години да се исправи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Георгиев има збор.

**ПЕТАР ГОРГИЕВ:**

Комисијата за стопанство го разгледа предлогот за донесување на закон за изменување на Законот аз здружениот труд и во отсуство можеби на поголема аргументација, бидејќи немаше претставник од предлагачите на седницата на Комисијата за стопанство, го прифати мислењето на Владата и отвори или постави повеќе прашања на кој што и денес треба да се одговори. Дали со овој закон, до колку се донесе, нема да се отвори еден процес , кој што отвара можност за легализирање на одредена сопственост

или доредена имовина која што ја поседуваат одредени сопственици, а не е легализирана, а јас само за општината Кавадарци можам да кажам дека има околу 1700 хектари узурпирано земјиште кое што пола пола се води во катастарската евиденција, пола е сопственикот,а пола го зафатил и делот на општественото земјиште и дали со бришењето на овој закон нема да се отвори една таква можниот тоа узурпирано земјиште без никаква надокнада да се присвои како свое. Исто така, дали не може оваа материја да се регулира или да се уреди со донесувањето односно со предлагањето на законот за денационализација бидејќи материјата е доста осетлива и создава можност за одредени, сигурно девијантни појави во делот на сопственичките односи, Комисијата за стопанство, предлага сега предложениот закон да не се прифати, а сите спорни прашања по однос на оваа материја да се решат со материјалните закони што треба да се донесат и исто така со законот за денационализација.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

прашањето е поставено и следува одговор на истото. Прво, дали не постои страв од узурпација. Колеги, овде не станува збор за узурпација. Овде станува збор само за граѓанска сопственост за земена од држава, а не државно заземено од граѓани . И институцијата узурпација и ова бесправно заземање немаат додирна точка апсолутно. Затоа што се однесува на сосема други институти во односот држава граѓанин и граѓанин - држава. Кога е во прашање узурпација, тогаш нема окупација во смисла за водење кон сопственост. Овде се работи погрешен упис, државата зазема, поради акти на свои органи добива основ за добивање на сопственост. А узурпантот останува вечно узурпант и никогаш не може да биде сопственик. Значи основот е различит узурпацијата е стекнување на имовината без

основ и  таа имовина не може да подлежи на стекнување по основ на оддржувачка. Уште една работа , на узурпантот му недостасува уште една од тогаш важечка и уставна одредба дека на општествена имовина не може да се стекне сопственост по основ на одржување. Што значи дека не постои страв оваа институција да се злоупотреби. Затоа говорам ти следува и имате право на прашањето и на одговор. Понатаму вашиот став на Комисијата за стопанство околу тоа да се работи со денационализација. Овде се работи за бесправен акт. Национализацијата имала основ. Овде законитоста се јавува само како форма да се заштити интерес на бирократијата. И во тој смисол денационализација следува онаму каде стои законски и незаконски. Ова има законска основа за да се разликува од другите и вербални и формални одлуки на органите да се прави разлика потребно е да се укине овој закон. Онаму има акти на органите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за здружен труд.

Кој е за овој заклучок молам да крене рака? (Мнозинството од пратениците креваат рака.)

Дали некој е против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање?(2 пратеника)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали некој е против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (70 пратеници)

Кој е против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за здружен труд.

XI /1 лп/вц

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Минуваме на **16-та точка** - Предлог за донесување на закон за изменување на законот за воведување обврска за плаќање при патување во странство со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со предлогот на закон и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, Законодавно - правната комисија и Комисијата за економска политика и развој и мислењето на Владата ви се доставени односно поделени. Комисијата за финансирање и буџет и Комисијата за економска политика и развој констатираа дека нема потреба од донесувањето на овој закон од причини содржани во нивните извештаи.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Пратеничката група на Илинден - Слободни демократи е предлагач на овој предлог за изменување и дополнување на овој закон од причина што мислиме дека при спроведувањето на овој закон беа направени многу злоупотреби. Преку неколку соопштенија ние на јавноста и укажувавме на таа појава, но со оглед на тоа што цениме дека злоупотребите продолжуваат и понатаму, а за што сведочат и неколкуте акти на македонската полиција при спроведувањето на еден добар дел на цариници за кои што е факт дека не можеа да најдат никакво образложение за пронајдените девизи во нивните џебови и ред други технички работи, бар за овие 30 марки кои што веќе ако мораат да се плаќаат, бараме тоа да биде регулирано и да се врши исклучително во самите банки во Република Македонија, бидејќи факт е дека добар дел од граѓаните преку анонимни

претставки, а што и усмено преку нивните посети кај нас како пратеници ни укажуваат дека добар дел од тие девизи воопшто никаде не се ефектуираат, едноставно се ставаат во џеб на некои од господата цариници.

Факт е дека најголем дел од тие малверзации се случуваа во текот на летото при групните автобуски посети и излези од нашата држава и тоа не раководеше да ја предложиме оваа измена, односно плаќањето на 30 марки исклучително да се врши во банките за да некој од цариниците не биде доведен во ситуација тие пари да ги стави во џеб.

Исто така, овде гледам дека има и некои амандмани кои што се предложени, особено амандманот на Мирко Анастасовски и Горан Зафировски, што се однесува до мене е сосема прифатлив и кога веќе сме тука ако се произнесуваме по него мој предлог е да се прифати тој амандман, односно да се укине воопшто плаќањето со оглед на фактот дека сите овие малверзации што се прават, а и со оглед на тоа дека многу лесно овој закон се изигрува од страна на граѓаните, бидејќи према север не се плаќаат тие 30 марки и сите што патуваат према север може да си продолжат наједноставно на секое место на Земјината топка без да ги платат тие 30 марки, што значи за мене логички е или да се воведат 30 марки и спрема таканаречената Југославија или да се усвои амандманот на господинот Митко Анастасовски и Горан Зафировски, да не се плаќаат тие 30 марки. Тоа е моето образложение, па вие господа пратеници произнесете се како што мислите дека е најдобро.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Јас мислам дека нема потреба од донесување на закон за изменување на законот за воведување обврска за плаќање при патување во странство, со оглед на фактот дека овој закон не решава  некои битни

проблеми. Експертската Влада на Македонија кога го донесе овој закон, рече дека законот е од привремен карактер како дел од антиинфлационата програма на бившата Влада. Тие тогаш не прецизираа време до кога ќе биде применет овој закон, меѓутоа, рекоа дека можеби тоа би било извесно време до 6 месеци.

Со оглед на фактот дека тој закон можеби веќе е во спротивност со уставните одредби, би било добро Владата тука да излезе со друг закон за престанок на важењето на законот за плаќање обврска при патување во странство. Тогаш ќе го решиме овој проблем и тие малверзации за кои зборува господинот Пановски автоматски ќе престанат.

Инаку, би било добро да се прифати амандманот на господинот Анастасовски, меѓутоа, мене ми се чини дека од правна гледна точка е неприфатлив, затоа што тој амандман тука на овој закон не може да се примени. Задача на Владата е на наредна седница да излезе со еден закон за престанување на обврската за плаќање при патување во странство.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Мене посебно ме радува излагањето на претходниот пратеник кој спомна дека треба ова Собрание да донесе еден закон за престанок на важноста за плаќање обврска при патување во странство. Меѓутоа, сакам да кажам дека таков закон постоеше, тогаш истиот пратеник имаше различно мислење. Но добро е тоа, плурализам сме, сигурно, се надевам дека сега го изменил мислењето.

И јас исто така имам една забелешка на амандманот на господата Зафировски и Анастасовски затоа што мислам дека нивниот амандман треба да биде од два члена и првиот член да биде лекторски малку дообработен.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Јас излегов само да го посетам господинот дека уште во првобитниот став, кога Владата предложи таков закон ние како пратеничка група на ПДП имавме четири амандмани во спротивност со тој закон дури предложивме 10 марки да биде. Меѓутоа, од истата ваша група тоа беше одбиено. И после еден месец вие излеговте со сопствен закон. Тоа беше причината. А сега имаме причина повеќе затоа што Владата го предложи овој закон со привремен карактер. Сега годината измина и треба да се прифати друг закон.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Околу овој закон јас имав амандман и можам да речам дека цел ден овде го бранев. Сега од некои пратеници имено излегува крајно несериозна работа. Никој не постави до Владата прашање колку пари се собрани, уште колку ќе бидат собрани. Сега наеднаш се предлагаат нови закони, никој ни да ги разбере, ни да ги чуе, веднаш законот да го укинеме! Дајте да ги слушнеме од Владата од Министерството ефектите од законот. Ние некако најбрзо поднесуваме амандмани веднаш да се укине тој закон, а ефектите од законот никој не ги кажа. Затоа, барам една бројка Министерството да ни даде овде на увид на нас за овие шест месеци колку е законот, да видиме колку пари се собрани и тогаш да одлучуваме. Вака јас не се согласувам на лице место секој втори ден, секоја втора седница ние сакаме некој закон да рушиме со некои свои амандмани.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Ние донесовме само еден член со кој бараме да престане досегашниот закон. Според тоа, не знам која е пречката да не престане овој закон. Кој може да му попречи на ова Собрание да го повлече односно целосно да го избрише донесениот закон пред неколку месеци. Ние сме тие

што го донесовме законот, ние го бришеме. Ми се чини дека треба да се прифати амандманот како што е даден.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Анастасовски, не може со амандман да се укине закон. Со амандман може да се понуди измена на член од законот. А ако сакате да се укине Законот, процедура има, предлог за донесување, тоа е посебна процедура.

**ГОРАН ЗАФИРОВСКИ:**

Предлагам точкава да се одложи за последна точка на дневниот ред и да се преформулира по предлог за изменување закон за плаќање на обврска при патување во странство, да се преформулира во Предлог за престанување на важење на закон за плаќање на обврска при патување во странство.

Предлагам предлогот да се гласа веднаш.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Да се гласа по вашиот предлог? (да)

Ве молам, ние имаме друг предлагач овде на тој закон. Ние се договоривме, влеговме во процедура, отворивме расправа.

**ТОМИСЛАВ СТЕВКОВСКИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани пратеници, ние исправен предлог имаме само од господинот Пановски. Ова е мала грешка од пратениците Анастасовски и Зафировски бидејќи со амандман не се укинува закон.

Оттука за да се усогласиме согласно деловникот, барам пауза од 15 минути да дадеме квалитетен предлог на закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Објавувам пауза од 15 минути.

(Пауза од 16,30 до 17,10 часот)

(По паузата )

Со седницата ќе продолжиме утре во 10,00 часот.

(Седницата прекина во 17,10 часот).